**ООУ„Христијан Тодоровски Карпош“ – Скопје**
**Општина Карпош**
**Република Северна Македонија**

# САМОЕВАЛУАЦИЈА

## ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 И 2024/2025

**Октомври, 2025**

| **Самоевалуација на училиштето** | |
|---|---|
| **Училиште** | **ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“** |
| Адреса | **Ул. „Орце Николов„ бр.161** |
| Телефон, е-пошта | Тел: 02 30 65337<br>e-mail htkarpos@gmail.com |
| Период на подготовка на СЕУ | 15.05.2024 - 30.06.2024 |
| Број на ученици во училиштето | 392 ученици |
| Број на подрачни училишта | / |
| Ученички дом | / |
| **Училиштен директор** | |
| Име и презиме | Христина Антоноска Борисовска |
| Потпис | |
| Датум | |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | Александра Митреска |
| Потпис | |
| Датум | |

Согласно член 129 и 130 од Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ бр.161 од 5.8.2019 година, 3/25 и 74/25) за обезбедување на квалитет на наставата, училиштето спроведе самоевалуација. За изготвување на Самоевалуацијата 2023-2025 беа користени Законот за основно образование, Индикаторите за квалитетот на работата на училиштето и Водичот за самоевалуација изготвени од МОН и ДПИ.

Самоевалуација на работата на училиштето се спроведува на крајот на секоја втора наставна година и е усогласена со областите од интегралната евалуација, а истата ја спроведува училишна комисија составена од 5 члена.

### Опис на процесот на СЕУ

За време на самоевалуацијата на училиштето, директорот, наставниците и стручните соработници, во консултација со училишниот одбор, родителите/старателите, учениците и локалната самоуправа, се вклучуваат во рефлексивно проверување на работата на училиштето, преку прибирање докази од разни извори и испитување на мислењето, ставовите и потребите на учениците, наставниците, стручните соработници и родителите/старателите. За таа цел, Училишниот одбор по предлог на директорот на училиштето формира училишна комисија за самоевалуација.

Оваа учебна година во периодот од 23 август 2025 година до 1 октомври 2025 година во училиштето е спроведена самоевалуација од страна на комисијата во состав: Валентина Ковачевска - педагог, Владанка Д Миче - наставник ментор, Ленче Алаџајкова- наставник по македонски јазик, Елеонора Георгиева- одделенски наставник, Горан Тодоровски — наставник по биологија. Активноста беше водена и координирана од педагогот на училиштето како член, а воедно и претседател на комисијата за СЕУ.

На седница на наставничкиот совет бр 08-408/1 од 22.08.2025год на предлог на комисијата за СЕУ и директорот на училиштето заради побрзо и поефективно спроведување на СЕУ беа формирани 4 работни групи кои работеа на секое од четирите подрачја, односно 4 рамки за самоевалуација на училиштето и тоа:

**I - Подрачје-Планирање, настава и учење:** Владанка Д Миче – наставник ментор - координатор**,** Мирјана Петкова - одделенски наставник, Благица Топалова – одделенски наставник, Даниела Станчевска – наставник по англиски јазик, Билјана Гичевски – наставник по географија и Лидија Карапанџевска – наставник по физичко и здравствено образование.

**II - Подрачје-Постигање на учениците:** Горан Тодоровски - наставник по биологија и природни науки - координатор**,** Анета Аначкова - одделенски наставник**,** Ленче Здравковска- наставник по англиски јазик**,** Саше Ивановски - наставник по техничко образование и информатика.

**III – Подрачје - Училишна клима и односи во училиштето:** Елеонора Георѓиева – одделенски наставник – координатор, Катица Богоевска - одделенски наставник, Анета Георгиева - одделенски наставник, Анета Тасевска - одделенски наставник и Маја Јанковска Цакиќ - одделенски наставник.

**IV – Подрачје - Управување, раководење и креирање политика:** Ленче Алаџајкова - наставник по македонски јазик - координатор, Татјана Велкова - оделенски наставник, Ирина Андовска - оделенски наставник, Елена Заткоска - одделенски наставник и Теа Тасева-одделенски наставник.

Конечната одлука за комисијата ја одобри Училишниот одбор на седницата бр. 02-587 од 16.10.2025год.

Работните групи успешно и навреме го завршија процесот на самоевалуација. Истите имаа неколку состаноци и повеќе консултации со комисијата за СЕУ, како и меѓусебни консултации во рамки на групите за побрзо и поефикасно спроведување на самоевалуацијата.

Директорот на училиштето на Комисијата и работните групи им ги достави на увид сите записници и други податоци од работата на училиштето.

На ниво на секое подрачје од страна на работните групи беа утврдени клучните јаки страни, беа согледани слабостите врз основа на што е направена анализа на состојбата и се предложени идни активности, односно приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на секое подрачје кои може да бидат вклучени како Анекс на Планот за развој на училиштето, односно Развојната програма на училиштето за период од 2024 — 2028 година.

## Вовед

Континуираното оценување на квалитетот на работењето на училиштето е суштинско за подобрување на постигањето на училиштата. Тоа ни дава поттик и ни овозможува преку различни инструменти, постапки и ресурси да ги испитаме нашите наставни практики, административните процедури, постигнувањата и целокупната училишна култура. Ни помага да ги идентификуваме областите во кои напредуваме и оние кои треба да ги подобриме за да обезбедиме квалитетно образование за нашите ученици. Во суштината на овој процес е вклучувањето на сите чинители во училиштето. Преку самопроцена, меѓусебна процена и заедничко планирање на подобрувањето, можеме да ги искористиме нашите силни страни и да одговориме на предизвиците.

Унапредувањето на училиштето е цикличен процес за проверување, планирање, менување и повторно проверување на состојбите во училиштето. Основна цел на унапредувањето на училиштето е да се намалат разликите помеѓу очекуваните постигања и постигањата остварени со постоечката практика на училиштето. Може да се постигне така што ќе се работи на „истите нешта, но подобро“ (квалитативна промена) или „на понаков начин“ (иновација). Всушност, унапредувањето на училиштето се темели на постојано следење на квалитетот на неговата работа, односно на постојано проверување дали и во колкав степен, но и со каков квалитет планираните цели се реализирани. Самоевалуацијата на училиштето е колаборативен, инклузивен и рефлективен процес преку кој училиштето ја вреднува сопствената практика и сопствената работа, тргнувајќи од анализата на тоа што е планирано и направено и како е направено, односно процес низ кој училиштето добро се запознава самото себе и ги пронаоѓа најдобрите начини за унапредување на својата работа. Овој процес вклучува континуирано следење, анализирање и проценување на успешноста на работата на училиштето, првенствено на квалитетот на поучување и училишната клима, водејќи сметка за најдобриот интерес на секој ученик. Се темели на пристап заснован на докази од разни извори и судови од различни чинители, со цел да се донесат релевантни мерки за подобрување на учењето и постигнувањата на учениците. Самоевалуацијата се користи како процес за јакнење на капацитетите на училиштето со цел за напредок, развој и успех на сите чинители на воспитно-образовниот процес. При изготвување на самоевалуацијата на нашето училиште Комисијата и Тимовите по релевантните подрачја се придржуваа целосно кон упатствата и ги почитуваа принципите содржани во Водичот за самоевалуација.

| **ПОДРАЧЈЕ 1. ПЛАНИРАЊЕ, НАСТАВА И УЧЕЊЕ** | | |
|---|---|---|
| **број** | **Индикатор** | **Теми** |
| 1.1 | Планирања на наставниците | • Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>• Размена на искуства и на информации при планирањето |
| 1.2 | Наставен процес | • Реализација на наставни планови и програми<br>• Избор на наставни предмети<br>• Избор на задачи, активности и на ресурси<br>• Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно<br>• Реализација на образовна инклузија<br>• Активности за меѓуетничка интеграција во образованието |
| 1.3 | Искуства на учениците од учењето | • Средина и атмосфера за учење<br>• Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците |
| 1.4 | Оценувањето како дел од наставата | • Училишна политика за оценување<br>• Методи, форми и инструменти на оценување<br>• Коефициент на континуитет на успехот на учениците<br>• Користење на информациите од оценувањето во наставата |
| 1.5 | Вonнаставни активности и натпревари | • Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности<br>• Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со воннаставните активности<br>• Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности<br>• Натпревари |
| **2 ПОДРАЧЈЕ: ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ** | | |

| | | |
|---|---|---|
| 2.1 | Постигања на учениците | • Следење на постигнувањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди<br>• Резултати од екстерни тестирања<br>• Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост<br>• Известување на родителите/старателите за постигнувањата на учениците |
| 2.2 | Мерки за подобрување на постигањата | • Редовност во наставата<br>• Советување родители/старатели и ученици<br>• Подобрување на постигнувањатана учениците преку редовната и дополнителната настава |
| **3 ПОДРАЧЈЕ: УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО** | | |
| 3.1 | Училишна клима | • Углед/имиџ на училиштето<br>• Кодекс на однесување<br>• Училишна клима<br>• Поведение и дисциплина во училиштето<br>• Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми |
| 3.2 | Еднаквост и правичност | • Познавање и почитување на правата на децата<br>• Еднаков и правичен третман на сите ученици |
| 3.3 | Партнерски однос со заедницата | • Соработка на училиштето со родителите/старателите<br>• Соработка со општината и со урбаната заедница |
| 3.4 | Севкупна грижа за учениците | • Превенција и заштита од насилство<br>• Заштита од пушење, алкохол и дрога<br>• Квалитет на достапна храна<br>• Хигиена и заштита од болести<br>• Грижа за безбедноста на учениците и вработените |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Грижа за учениците од социјално загрозени семејства<br>• Грижа за учениците со здравствени проблеми<br>• Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците<br>• Давање помош при изборот за продолжување на образованието |
| **4 ПОДРАЧЈЕ: УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ** | | |
| 4.1 | Управување ираководење со училиштето | • Управување со училиштето<br>• Раководење со училиштето<br>• Управување и раководење со ресурсите<br>• Раководење со кадарот<br>• Следење и унапредување на наставниот процес |
| 4.2 | Цели и креирање на училишната политика | • Процедури за креирање на училишната политика<br>• Резултати од развојно планирање<br>• Планирање и управување со училишниот буџет |

# Подрачје 1: Планирање, настава и учење

| **Индикатор 1.1 Планирања на наставниците** | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Годишна програма на училиштето учебна 2023/2024 и 2024/2025;<br>Закон за основно образование;<br>Статут на училиштето;<br>Програма за професионален развој;<br>Записници од наставнички и одделенски совети;<br>Годишни и тематски планирања по наставни предмети и дневни планирања за учебна 2023/2024 и 2024/2025 година;<br>Формулари за следење наставни часови;<br>Интервју со стручната служба;<br>Анкетен прашалник за наставен кадар<br>Интервју со директор<br>Чек листи за следење на часови;<br>Стручна служба | Поддршка и следење на планирањата на наставниците | Планирањата на наставниците се изработуваат и реализираат во согласност со наставните планови и програми донесени од МОН и БРО.<br>Во однос на поддршката и следењето на планирањата на наставниците како и размената на искуства и на информации при планирањето се спроведе анкетен прашалник за наставници, во кој беа опфатени **25** испитаници.<br>Во однос на првото прашање **„1. Добивам навремена обука за примена на современи методи и техники на планирање на наставата.“**, анкетата покажува дека поголем дел од наставниците односно **64%** (16 наставници) **се согласуваат** дека добиваат навремена обука за примена на современи методи и техники при планирање на наставата, **28%** (7 наставници) **делумно се согласуваат** и **8%** (2 наставника) **не се согласуваат**.<br>Училиштето навремено им обезбедува обука на наставниците за примена на современи методи и техники за планирање на наставата.<br><br>Во однос на второто прашање **„2. Директорот и стручната служба ги следат моите планирања најмалку два пати во полугодието.“**, поголем број од испитаниците односно **88%** (**22** наставника) **се согласуваат**, **4%** (**1** наставник) **делумно се согласуваат** и **8%** (**2** наставника) **не се согласуваат**.<br>Во текот на наставната година најмалку два пати во полугодието се следат планирањата на наставниците од страна на директорот и стручната служба. Има утврдени процедури и соодветни формулари според кои се следат планирањата на наставниците и како и нивната реализација.<br><br>Во однос на третото прашање од анкетата **„3. Добивам поддршка од директорот и/или стручната служба при изготвување на планирање за мојот наставен предмет/предмети.“**, поголем број од анкетираните односно **84%** (**21** наставник) **се согласуваат**, **8%** (**2** наставника) **делумно се согласуваат** и **8%** (**2** наставника) **не се согласуваат**.<br>Во училиштето наставниците добиваат континуирана поддршка од директорот и стручната служба при изготвување на планирањата по соодветните наставни |

| | | |
|---|---|---|
| (годишни<br>извештаи за<br>изминатите две учебни<br>години);<br>Стручни активи<br>(записници од<br>одржани<br>состаноци на<br>актив);<br>Наставници (годишни<br>програми,<br>неделни и дневни<br>планирања).<br><br>Годишна програма на<br>училиштето;<br>Состаноци на стручни<br>активи;<br>Тим за професионален<br>развој;<br>Обуки;<br>Консултативни средби; | Размена на искуства и на<br>информации при<br>планирањето | предмети, како и насоки за подобрување. Службата им дава повратна информација на наставниците преку консултативни разговори со јасни насоки кои работи треба да се променат, а кои работи се добри.<br><br>Во однос на четвртото прашање од анкетата **„4. Во рамки на стручните активи разменуваме искуства за планирањата на часовите, најмалку два пати во полугодието.“**, поголем број од испитаниците односно **88%** (**22** наставника) **се согласуваат**, **8%** (**2** наставника) **делумно се согласуваат** и **4%** (**1** наставник) **не се согласуваат**.<br>Наставниците најмалку два пати во полугодие разменуваат искуства за планирањата во рамки на стручните активи. Стручните активи, како на одделенска, така и на предметна настава редовно одржуваат состаноци преку кои наставниците имаат консултативни средби и споделуваат искуства. Се планираат и се одржуваат и отворени часови, преку кои наставниците на еден непосреден начин ги споделуваат своите практики, методи и техники со директна примена на истите на самиот наставен час. Планирањата кај најголем број од наставниците се подобрени како резултат на размена на искуства и информации и на користење стручни искуства од различни медиуми, од соработка со други училишта и сл. |

<table>
<tr>
<td></td>
<td></td>
<td>
Графички приказ на резултатите добиени од анкетниот прашалник за наставниците:



</td>
</tr>
</table>

| Индикатор 1.2 Наставен процес | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Годишна програма за работа на училиштето; распоред на часови; е-дневник; педагошка евиденција и документација; списоци и извештаи од реализирани обуки; записници од состаноци на стручни активи; анкети со наставници; ученици, родители; дискусии во фокус групи со ученици, наставници и родители; интервјуа со директорот, стручните соработници; извештаи од посети на наставни часови; решенија за инклузивен тим<br><br>изработени ИОП и модифицирани програми за учениците со посебни образовни потреби; записници од состаноци на училишните тимови за инклузија и инклузивните тимови за ученик; извештаи и записници од тимови за училишна интеграција (ТУИ), | Реализација на наставни планови и програми | Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, според -Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците. Поголем дел од испитаниците ученици и родители сметаат дека се запознати со листата на изборни предмети и активности како и по слободен избор се избрани согласно интересите на учениците |
| | Избор на наставни предмети | Во текот на учебната година најголем дел од испитанците сметаа дека учениците ги имаат сите наставни часови, согласно распоредот .<br>Наставата се реализира редовно и во пропишаниот обем. Во случаи на отсуство на наставникот (породилно отсуство, боледување или сл.) наставата се одвива непречено со замена на соодветен наставен кадар. |
| | Избор на задачи, активности и на ресурси | Најголем дел од испитаниците наставници сметаат дека наставниците задачите, и активностите ги приспособуваат на учениците со што се согласуваат и родителите на родителите на учениците.Се користат современи приоди во наставата. |
| | Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно | Поголем дел наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање. Поголемиот број наставници обезбедуваат еднакви можности за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови. На поголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот. На поголем број наставни часови, изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците. |

| | | |
|---|---|---|
| извештаи од реализирани активности за меѓуетничка интеграција; материјали од постапката за определување изборни/слободни изборни предмети и активности; планирања за изборни предмети | Реализација на образовна инклузија | Училиштето посветува особено внимание на инклузијата на децата со посебни образовни потреби. За работата со овие ученици училиштето има формирано инклузивен тим составен од седум члена, со Одлука, заведен со број 08-370/1 од 02.07.2025година. Инклузивниот тим во соработка со родителите/старателите, за осум ученици со посебни образовни потреби, изработува индивидуален образовен план за работа со учество на специјален едукатор – дефектолог.<br>Наставниците работат со деца со ПОП според прилагодените наставни програми, според адаптирани наставни цели по наставните предмети. Диференцираниот пристап е карактеристичен при работа со децата со посебни образовни потреби. |
| | Активности за меѓуетничка интеграција во образованието | Во нашето училиште се препознава и се унапредува родовата, етичка рамноправност, како и мултикултурната сензитивност.Овие содржини се интегрирани во сите наставни програми (одделенски часови, општество, образование за животни вештини, граѓанско образование, класична култура на европската цивилизација, етика) и се вметнати во сите наставни активности –проект на Мултикултурна соработка со збратимено училиште со кое се разменуваат искуства и се организираат активности кои ја промовираат мултикултурната соработка и почитување на различностите,<br>Тимот за училишна интеграција го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО. Поголем број од наставниците реализираат МИО (интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план, но мал број од учениците биле вклучени во активности заедно со ученици од други култури со што се согласуваат и родитлите кои исто така во мал број сметаат дека нивното дете било вклучено во активност/и реализирана со ученици кои учат на различни јазици |

| **Индикатор 1.3 Искуства на учениците од учењето** | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми на индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Анкетен лист;<br><br>Атмосферата во училницата;<br><br>Индивидуални усни разговори со наставници и ученици;<br><br>Разговор со Стручна<br><br>служба | Средина и атмосфера за учење<br><br>Идентификување на различните образовни потреби на учениците | Целосен извештај од анкетата за училишната средина<br><br>-Чувство на прифаќање и мотивација<br><br>Учениците се чувствуваат прифатени од наставниците и сакаат да доаѓаат на училиште. Наставниците се трудат да ги разберат потребите и проблемите на учениците и да им пружат поддршка кога им е потребна.<br><br>-Училишни правила и заеднички однесувања<br><br>Во одделението и училиштето се донесени заеднички правила на однесување ,кои учениците и  ги почитуваат. Учениците се запознаени со последиците од прекршување на правилата, а правилата се применуваат подеднакво за сите.<br><br>-Вклученост и еднакви можности<br><br>Учениците имаат слични можности за учество во активности во училиштето и на часовите, како и другите ученици. Учениците се вклучуваат во заеднички активности за подобрување на работата на училиштето. Наставниците се трудат да ги вклучат учениците во подготовка и организација на активности.<br><br>-Поддршка и помош од наставници и стручни лица Учениците знаат каде да се обратат ако имаат проблем или ако се прекршуваат нивните права. Наставниците, раководителите и другите наставници им нудат помош и совети, а исто така можат да побараат поддршка од педагог или психолог во училиштето. Учениците генерално сметаат дека добиваат помош при решавање на проблеми.<br><br>-Безбедност и спречување на насилство<br><br>Учениците знаат како да постапат ако забележат или се соочат со врсничко насилство. Училиштето работи на решавање конфликти и спречување насилство. Се одржуваат работилници за заштита од штетни влијанија како пушење, алкохол и наркотици.<br><br>- Училишна средина и ресурси |

| | | |
|---|---|---|
| | | Учениците сметаат дека училиштето е чисто и уредно. Имаат пристап до активности и можности кои ги планира училиштето, а исто така можат да користат книги и лектири од библиотеката во секое време. Библиотеката се смета за место каде што можат да учат во пријатна атмосфера.<br><br>- Општ впечаток за училиштето<br><br>Вкупниот впечаток е дека училиштето нуди безбедна, поддржувачка и прифатлива средина за учење и развој. Учениците се вклучени во активности, имаат поддршка од наставници и стручни лица, и се информирани за своите права и обврски. И покрај тоа, постојат области за подобрување, како поголема поддршка за учениците кои се помалку активни и уште појасна комуникација околу вонаставните активности<br><br>Заклучок: Анкетата покажува дека училиштето создава позитивна средина каде учениците се мотивирани и вклучени, со добра поддршка од наставниците и достапни ресурси за учење. За понатаму, се препорачува засилена работа на вклучување на сите ученици, поттикнување на активностите, и обезбедување дополнителна поддршка за оние кои се со помали можности или се помалку сигурни. |

| **Индикатор 1.4 Оценувањето како дел од наставата** | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Годишна програма за работа на училиштето; распоред за додатна и дополнителна настава;<br><br>списоци на ученици вклучени во додатна и дополнителна настава;<br><br>правилник за оценување и напредување на учениците;<br><br>интерен правилник за оценување;<br><br>увид во педагошката евиденција и документација; користените инструменти за оценување; | Училишна политика за оценување | Училиштето на ниво на стручни активи има изградени критериуми за оценување, усогласени со националните стандарди за постигања. Усогласените критериуми во стручните активи, наставниците ги користат за оценување на учениците и со нив согласно резултатите од анкетите се доволно запознаени учениците и родителите. Најголемиот број наставници применуваат формативно оценување. Голем број од учеиците сметаат дека добиваат јасни насоки од страна на наставниците во поглед на тоа што треба да учат за секоја оценка и притоа се согласуваат дека оценувањето е праведно. |

| | | |
|---|---|---|
| примери на оценети ученички трудови; записници од стручните активи, наставничкиот совет; анкети/интервјуа со учениците и наставниците, родителите; инструменти за индивидуализирани начини на проверка | Методи, форми и инструменти за оценување | Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Учениците се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.). Инструментите за оценување се унапредуваат во соработка со стручната служба. |
| | Коефициент на континуитет на успехот на учениците | Статистичкиот преглед редовно се реализира и презентира од страна на стручната служба пред наставниците на наставнички совет. Коефициентот на континуитет на успехот, во третиот период на образование од трите претходни последователни години, пресметан како однос на средниот успех на училиштето на полугодието и крајот на годината ќе биде презентиран на крајот на учебната година. |
| | Користење на информациите од оценувањето во наставата | Наставниците ги користат сите информации добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата и реализацијата на наставата.Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава. |

| **Индикатор 1.5.** | **Вонаставни активности и натпревари** | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Годишна програма за работа;<br>Програми за вонаставни активности;<br>Дневници за работа;<br>Програма за соработка со локалната заедница<br>Програма за здавствена заштита и производна и општествено корисна работа;<br>Програма за работа на Советот на родители;<br>Разговор со претставници на Стручната служба;<br>Извештај од реализирани екскурзии;<br>Педагошка евиденција и документација;<br>Дипломи, признанија, пофалници од учество на манифестации и натпревари;<br>Анкети со наставници, ученици;<br>Увид во веб и facebook страницата. | Обем и разновидност на планираните и реализираните вонаставни активности | Училиштето планира и реализира разновидни вонаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците. Тие се реализираат во текот на целата учебна година, во согласност со можноста за реализација. Училиштето се грижи за задоволување на потребите на учениците од аспект на учество на натпревари и конкурси, културни и рекреативни активности. Во годишната програма се изготвуваат и планирања за активности од општествено корисна работа на учениците. Во реализацијата на планираните активности учествуваат и родителите, во зависност од полето на активност. Програмата за соработка со локалната заедница се реализира заедно со Службите во Општината и се однесува на: одбележување на значајни датуми, локални манифестации, културни настани, посети, јубилеи и др. Грижата за здравствената заштита на учениците се остварува преку редовни превентивни систематски прегледи во Стоматолошката амбуланта во Детски Диспанзер во Карпош, систематски прегледи во Детски Диспанзер во Карпош, активности со ОО Црвен Крст Карпош и едукативни предавања на теми од областа на здравствената заштита. Во училиштето се спроведуваат различни вонаставни активности како што се еднодневни екскурзии, излети, спортски настани, секции, акции од хуманитарен карактер, детски организации, подмладокот на Црвен крст. Сето тоа влегува во годишната програма за работа во училиштето. Поголем број од наставниците се изјасниле дека планот за вонаставни активности го изготвуваат заедно со учениците и врз основа на потребите на учениците. Поголем број од родителите се изјасниле дека училиштето нуди избор на различни вонастани активности и дека нивното дете е вклучено во истите согласно неговиот интерес. |
| | Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со вонаставните активности | Поголем дел од учениците се вклучени во вонаставните активности. Притоа, ученици од различен пол се еднакво застапени при нивно спроведување. |

| | | |
|---|---|---|
| | Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности | За реализација на воннаставните активности се следат потребите и интересите на учениците. Содржините од воннаставните активности се евидентираат на посебна страна во Дневниците на паралелките. Поголем број од учениците се изјасниле дека имаат избор на различни воннаставни активности. Поголем број од учениците се изјасниле дека се вклучуваат по сопствен избор во воннаставните активности. Поголем дел од учениците се изјасниле дека наставниците ги вклучуваат во нивно планирање и дека биле вклучени во активности заедно со ученици од други култури. |
| | Натпревари | Училиштето организира училишни натпревари за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво. Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници), како и во други активности со натпреварувачки карактер. |

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

| |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности во текот на целата учебна година. Овие активности ги одразуваат потребите и интересите на учениците. Содржините на воннаставните активности се евидентираат во Дневниците на посебна страна за тоа.<br><br>Учениците не се дискриминирани при вклученост во воннаставните активности.<br><br>Училиштето организира училишни натпревари за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво. Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници), како и во други активности со натпреварувачки карактер. |
| **Силни страни**<br><br>Се спроведуваат различни воннаставни активности во кои учениците не се дискриминирани по ниту еден основ.<br><br>Учениците, по сите наставни предмети, се вклучени во натпревари на различно ниво (општински, регионални, државни). |
| **Слаби страни**<br><br>Мал број од учениците сметаат дека не се доволно вклучени во изготвувањето на планирањето на воннаставните активности |
| **Приоритети**<br><br>Во делот со вонаставните активности засилено вклучување на учениците во изготвувањето на планот. |

# Подрачје 2: Постигања на учениците

<table>
<tr><th colspan="3">Индикатор 2.1 Постигања на учениците</th></tr>
<tr><td>Извори на податоци</td><td>Теми по индикатори</td><td>Информации кои се собрани</td></tr>
<tr>
<td>Годишна програма за учебната 2023/2024 год.; 2024/2025год. и 2025/2026 год.<br><br>Годишен извештај од 2023/2024 учебна година<br><br>Извештај за успехот и поведението на учениците во првото тримесечие во учебната 2023/2024 год.<br><br>Извештај за успехот и поведението на учениците во првото тримесечие во</td>
<td>Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според квалификациски периоди</td>
<td>

**Годишен извештај од 2023/2024 учебна година**

Во училиштето на почетокот на учебната година има вкупно 418 ученици, од кои 242 ученици во одделенска настава и 176 ученици во предметна настава;

Во одделенска настава има 126 девојчиња и 116 момчиња, а во предметна настава има 75 девојчиња и 101 момчиња. Вкупно во училиштето има 201 девојчиња и 217 момчиња.

Бројот на ученици по паралелки и одделенија е прикажан табеларно

**Податоци за учениците во основното училиште**

<table>
<tr><th rowspan="3">Одд.</th><th rowspan="3">Бр.на паралелки</th><th rowspan="3">Бр. На ученици</th><th colspan="12">Етничка и родова структура на учениците</th></tr>
<tr><th colspan="2">Македонци</th><th colspan="2">Албанци</th><th colspan="2">Турци</th><th colspan="2">Срби</th><th colspan="2">Роми</th><th colspan="2">други</th></tr>
<tr><th>м</th><th>ж</th><th>м</th><th>ж</th><th>м</th><th>ж</th><th>м</th><th>ж</th><th>м</th><th>ж</th><th>м</th><th>ж</th></tr>
<tr><td>I</td><td>2</td><td>51</td><td>32</td><td>19</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>II</td><td>2</td><td>40</td><td>19</td><td>21</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>III</td><td>2</td><td>46</td><td>26</td><td>20</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
</table>

</td>
</tr>
</table>

учебната 2024/2025 год.

Извештај за успехот и поведението на учениците во првото полугодие од учебната 2023/2024 год.

Извештај за успехот и поведението на учениците во првото полугодие од учебната 2024/2025 год.

Извештај за успехот и поведението на учениците во третоти тримесечие во учебната 2023/2024 год.

Извештај за успехот и поведението на учениците во третото тримесечие во

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **I-III** | 6 | **136** | 76 | 60 | | | | | | | | | | |
| IV | 2 | 50 | 20 | 29 | | | | | | | | 1 | | |
| **V** | 2 | 54 | 18 | 25 | | | | | | | | | 1 | |
| **IV-V** | 4 | **104** | 38 | 54 | | | | | | | | | | |
| VI | 2 | 45 | 29 | 14 | | | | | | | | | 1 | 1 |
| VII | 2 | 39 | 19 | 18 | | | | | | | | | 1 | 1 |
| **VI - VII** | 4 | **84** | 48 | 32 | | | | | | | | | | |
| VIII | 2 | 39 | 21 | 17 | | | | | | | | | 1 | |
| **VII-VIII** | 4 | **78** | 40 | 35 | | | | | | | | | | |
| IX | 2 | 54 | 29 | 22 | | | | | 1 | | | | 1 | 1 |
| **VIII - IX** | 4 | **93** | 50 | 37 | | | | | | | | | | |
| **VI-IX** | 8 | **177** | 98 | 71 | | | | | 1 | | | 1 | 5 | 3 |

Од табеларниот приказ се воочува дека во учебната 2024/2025 год., бројот на запишани ученици е

| | | |
|---|---|---|
| учебната 2024/2025 год.<br><br>Извештај за успехот и поведението на учениците на крајот од учебната 2023/2024 год.<br><br>Извештај за успехот и поведението на учениците на крајот од учебната 2024/2025<br><br>год.<br><br>Записници од<br><br>Одделенски и Наставнички совети<br><br>Записници од родителски состаноци | | помал за 16 во споредба со учебната 2023/2024 година.<br><br>Оценувањето на постигнувањата се врши врз основа на тековно и систематско следење на учениците, изготвување на чек листи, извештаи кои се водат за секој ученик посебно. Врз основа на ова следење се врши оценување на постигнувањата и напредувањето на учениците врз основа на развојните цели, знаењата, способностите и вештините (формативно и сумативно оценување). Извештаите за постигнувањата на учениците, односно оценките за сите ученици се внесуваат во Евидентните листови, а на крајот на учебната година во свидетелства.<br><br>Постигнувањата на учениците кои се оценуваат описно, се оценети односно рангирани според Блумовата таксономија, односно преку 4 (четири) нивоа и тоа прво ниво – познавање, второ ниво — разбирање и сфаќање, трето ниво –примена на стекнатите знаења и четврто ниво — анализа, синтеза и евалвација.<br><br>**АНАЛИЗА НА УСПЕХОТ И ПОВЕДЕНИЕТО ВО ПРВОТО ТРИМЕСЕЧИЕ ОД УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА, ВО ОДДЕЛЕНСКА И ПРЕДМЕТНА НАСТАВА**<br><br>Учениците од прво до шесто одделение оценети се описно по сите предмети.<br>Средниот успех на учениците од 7 до 9 одделение изнесува:4,24<br>Средниот успех на учениците по паралелки од изнесува:<br><br>7а – 4,33<br>7б – 4,30<br>8а – 4,35<br>8б – 4,20<br>9а – 4,23<br>9б – 4,05<br>Средниот успех на момчињата од 7 до 9 одделение изнесува 4,13,<br>а на девојчињата 4,36.<br><br>**АНАЛИЗА НА УСПЕХОТ И ПОВЕДЕНИЕТО ВО ПРВОТО ТРИМЕСЕЧИЕ ОД УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА, ВО ОДДЕЛЕНСКА И ПРЕДМЕТНА НАСТАВА**<br><br>Учениците од прво до шесто одделение оценети се описно по сите предмети.<br>Средниот успех на учениците од 7 до 9 одделение изнесува:4,27<br>За споредба:<br>-прво тримесечие од учебната 2023/2024 изнесувал 4,24 |

| | | |
|---|---|---|
| Записници од Совет на родители<br><br>Е-дневник<br><br>*Годишен извештај од педагошко-<br>психолошката служба<br><br>*Евидентни листови за успех и поведение<br><br>Анкети со наставници<br><br>Анкети со родители<br><br>Анкети со ученици<br><br>Интервју со Дефектолог<br><br>Распореди и списоци за дополнителн а и додатна настава | | Средниот успех на учениците по паралелки од изнесува:<br>7а – 4,38<br>7б – 4,40<br>8а – 4,23<br>8б – 3.93<br>9а – 4,42<br>9б – 4,31<br><br>Средниот успех на момчињата од 7 до 9 одделение изнесува 4,22, а на девојчињата 4,35.<br>Се констатира дека средниот успех во првото тримесечие во учебната 2024/2025 год. во споредба со учебната 2023/2024 год. е повисок за о,о3 ,кај момчињата повисок за 0,09,а кај девојчињата е понизок за 0,01.<br>**АНАЛИЗА НА УСПЕХОТ И ПОВЕДЕНИЕТО ВО ПРВОТО ПОЛУГОДИЕ ОД УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА, ВО ОДДЕЛЕНСКА И ПРЕДМЕТНА НАСТАВА**<br><br>Во училиштето има вкупно 416 ученици, од кои 241 ученици во одделенска настава и 175 ученици во предметна настава;<br><br>Во одделенска настава има 125 девојчиња и 116 момчиња, а во предметна настава има 75 девојчиња и 100 момчиња. Вкупно во училиштето има 200 девојчиња и 216 момчиња;<br><br>Учениците од прво до шесто одделение оценети се описно по сите предмети.<br><br>Средниот успех на учениците од 7 до 9 одделение изнесува: 4,45;<br><br>Средниот успех на учениците по паралелки од изнесува:<br><br>7а – 4,54<br>7б – 4,45<br>8а – 4,53<br>8б – 4,35<br>9а – 4,47<br>9б – 4,36<br><br>Средниот успех на момчиња од 7 до 9 одделение изнесува 4,36, а на девојчиња 4,54. |

<table>
<tr>
<td>Извештаи од стручна служба<br><br>*Дневник за работа на педагогот<br><br>*Дневник за работа на психологот<br><br>*Дневник за работа на дефектологот<br><br>*Досиеја на учениците<br><br>*План и програма за додатна и дополнителна настава</td>
<td></td>
<td>

АНАЛИЗА НА УСПЕХОТ И ПОВЕДЕНИЕТО ВО ПРВОТО ПОЛУГОДИЕ ОД УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА, ВО ОДДЕЛЕНСКА И ПРЕДМЕТНА НАСТАВА<br><br>
Во училиштето има вкупно 402 ученици, од кои 225 ученици во одделенска настава и 177 ученици во предметна настава;<br><br>
Во одделенска настава има 110 девојчиња и 115 момчиња, а во предметна настава има 86 девојчиња и 91 момчиња. Вкупно во училиштето има 196 девојчиња и 206 момчиња;<br><br>
Учениците од прво до шесто одделение оценети се описно по сите предмети.<br>
Средниот успех на учениците од 7 до 9 одделение изнесува: 4,45;<br>
За споредба:<br>
-прво полугодие од учебната 2023/2024 изнесувал 4,45<br><br>
Средниот успех на учениците по паралелки од изнесува:<br>
7а – 4,43<br>
7б – 4,55<br>
8а – 4,43<br>
8б – 4,28<br>
9а – 4,58<br>
9б – 4,46<br><br>
Средниот успех на момчиња од 7 до 9 одделение изнесува 4,47, а на девојчиња 4,43.<br>
Евидентен е истиот среден успех на крајот на првото полугодие во учебната 2023/2024 и 2024/2025 год. со таа разлика што кај момчињата е повисок за 0,11 во учебната 2024/2025 год.,а кај девојчињата понизок за 0,11<br><br>
АНАЛИЗА НА УСПЕХОТ И ПОВЕДЕНИЕТО ВО ТРЕТОТО ТРИМЕСЕЧИЕ ОД УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА, ВО ОДДЕЛЕНСКА И ПРЕДМЕТНА НАСТАВА<br><br>
Во училиштето има вкупно 415 ученици, од кои 239 ученици во одделенска настава и 176 ученици во предметна настава;<br>
Во одделенска настава има 124 девојчиња и 115 момчиња, а во предметна настава има 75 девојчиња и 101 момче. Вкупно во училиштето има 199 девојчиња и 216 момчиња;<br>
Учениците од прво до шесто одделение оценети се описно по сите предмети.
</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | | Средниот успех на учениците од 7 до 9 одделение изнесува: 4,37;<br>За споредба:<br>Средниот успех на учениците по паралелки од изнесува:<br>7а – 4,45<br>7б – 4,39<br>8а – 4,45<br>8б – 4,36<br>9а – 4,35<br>9б – 4,29<br><br>Средниот успех на момчиња од 7 до 9 одделение изнесува 4,28, а на девојчиња 4,48.<br><br>**АНАЛИЗА НА УСПЕХОТ И ПОВЕДЕНИЕТО ВО ТРЕТОТО ТРИМЕСЕЧИЕ ОД УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА, ВО ОДДЕЛЕНСКА И ПРЕДМЕТНА НАСТАВА**<br><br>Во училиштето има вкупно 402 ученици, од кои 225 ученици во одделенска настава и 177 ученици во предметна настава;<br>Во одделенска настава има 110 девојчиња и 115 момчиња, а во предметна настава има 86 девојчиња и 91 момче. Вкупно во училиштето има 196 девојчиња и 206 момчиња;<br>Учениците од прво до шесто одделение оценети се описно по сите предмети.<br>Средниот успех на учениците од 7 до 9 одделение изнесува: 4,44;<br>За споредба:<br>-трето тримесечие од учебната 2023/2024 изнесувал 4,37<br><br>Средниот успех на учениците по паралелки од изнесува:<br>7а – 4,53<br>7б – 4,48<br>8а – 4,40<br>8б – 4,36<br>9а – 4,35<br>9б – 4,45 |

| | | |
|---|---|---|
| | | Средниот успех на момчиња од 7 до 9 одделение изнесува 4,40, а на девојчиња 4,48.<br><br>Споредено,средниот успех во учебната 2024/2025 год. е повисок од средниот успех во учебната 2023/2024 год. за 0,07 ,исто така кај момчињата е повисок за 0,12 додека кај девојчињата е еднаков.<br><br>**АНАЛИЗА НА УСПЕХОТ И ПОВЕДЕНИЕТО НА КРАЈОТ ОД УЧЕБНАТА 2023/24 ГОДИНА, ВО ОДДЕЛЕНСКА И ПРЕДМЕТНА НАСТАВА**<br><br>Во училиштето има вкупно 415 ученици, од кои 239 ученици во одделенска настава и 176 ученици во предметна настава;<br><br>Во одделенска настава има 124 девојчиња и 115 момчиња, а во предметна настава има 75 девојче и 101 момчиња. Вкупно во училиштето има 199 девојчиња и 216 момчиња;<br><br>Учениците од прво до трето одделение оценети се описно по сите предмети.<br>Средниот успех на учениците од 4 до 9 одделение изнесува **4,9**,<br><br>Средниот успех на учениците по паралелки изнесува:<br>4а – 4,99<br>4б – 5.00<br>5а – 4,94<br>5б – 4,87<br>6а – 4,88<br>6б – 4,90<br>7а – 4,91<br>7б – 4,85<br>8а – 4,82<br>8б – 4,83<br>9а – 4,96<br>9б – 4,89<br><br>Средниот успех на момчињата од 4 до 9 одделение изнесува **4.93,** а на девојчињата изнесува **4.87.** |

| | | |
|---|---|---|
| | | **АНАЛИЗА НА УСПЕХОТ И ПОВЕДЕНИЕТО НА КРАЈОТ ОД УЧЕБНАТА 2024/25 ГОДИНА, ВО ОДДЕЛЕНСКА И ПРЕДМЕТНА НАСТАВА**<br><br>Во училиштето има вкупно 402 ученици, од кои 225 ученици во одделенска настава и 177 ученици во предметна настава;<br><br>Во одделенска настава има 110 девојчиња и 115 момчиња, а во предметна настава има 86 девојчиња и 91 момче. Вкупно во училиштето има 196 девојчиња и 206 момчиња;<br><br>Учениците од прво до трето одделение оценети се описно по сите предмети.<br><br>Средниот успех на учениците по паралелки изнесува:<br><br>4а – 4,94<br>4б – 4.88<br>5а – 5,00<br>5б – 4,83<br>6а – 4,74<br>6б – 4,80<br>7а – 4,79<br>7б – 4,83<br>8а – 4,71<br>8б – 4,73<br>9а – 4,88<br>9б – 4,92<br>Средниот успех на учениците од 4 до 9 одделение изнесува **4,84**, во споредба со крајот на учебната 2023/2024 година изнесувал **4,9.**<br><br>- Средниот успех на момчињата од 4 до 9 одделение изнесува **4.79,** а на девојчињата изнесува **4.87.**<br><br>Забележан е пад на средниот успех во учебната 2024/2025 год. за 0,06 во однос на учебната 2023/2024 год. и тоа кај момчињата за 0,09 ,а кај девојчињата средниот успех е еднаков за двете учебни годин |

Табела за коефициенти

| | Учебни години | | |
|---|---|---|---|
| | 2023/24 | 2024/25 | 2025/26 |
| Среден успех на полугодие | 4,45 | 4,45 | / |
| Среден успех на крај од учебна година | 4,9 | 4.84 | / |
| Годишен коефициент на континуитет на успехот | 0,45 | 0,39 | |
| коефициент | | 0,42 | |

Во изминатите две години коефициентот на постигнувањата во прво полугодие и на крај на учебната година е позитивен,што значи дека успехот на крајот од годината секогаш е поголем од успехот на полугодијата.

**Премин од одделенска во предметна настава**

Што се однесува за преминот од одделенска во предметна настава, односно од V во VI одделение статистички гледано скоро секогаш имало пад на успехот во предметната настава односно во шесто одделение. Во учебната 2024/25 год. средниот успех на учениците во шестто одделение е 4,77,што е за 0,14 понизок од учебната 2023/2024 год. кога средниот успех на учениците во петто одделение бил 4,91.

**Работа со ученици со посебни образовни потреби**

Со цел идентификација на учениците со посебни потреби, нивна поддршка, следење и успешна инклузија во редовното образование, училиштето има изготвено програма и акционен план за работа за ученици со ПОП. По потреба, секоја година се ревидира училишниот инклузивен тим. Училиштниот инклузивен тим врши процена на моменталното ниво на знаење и функционални способности на ученикот со ПОП, (ученикот доколку е во предметна настава тимот се консултира со предметните наставници), креира педагошки профил на ученикот и во соработка со родителот (по потреба и со надворешни стручни соработници ) изготвува индивидуален образовен план. Инклузивниот тим дава поддршка и насоки на наставниците во процесот на планирање, организација и реализација на воспитно-образовната работа на учениците со ПОП.

Училиштниот инклузивен тим кој се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на училиште е формиран со одлука од страна на директорот. УИТ е со мандат од три учебни години и е во состав од седум члена: дефектолог, педагог, директор, еден наставник од предметна, еден наставник од одделенска настава и двајца родители на ученици со ПОП.

| | | |
|---|---|---|
| | | УИТ ги осмислува и спроведува активностите на ниво на училиште и води грижа да бидат усогласени и применувани во воспитно-образовната работа. За секој ученик со ПОП кој работи по ИОП, формиран е инклузивен тим за ученик за период до завршување на основното образование на ученикот кој е составен од: наставниците на ученикот, родителот/старателот, дефектологот и педагогот (наведени со име и презиме во долгорочниот ИОП). Инклузивниот тим за ученик, во фокусот на својата работа ги има конкретните ученици и изготвување и реализирање на нивниот ИОП.<br><br>Во училиштето, за успешна инклузија на учениците со ПОП се изготвува годишен (долгорочен) ИОП и тоа за оние ученици кои не можат да постигнат цели согласно наставниот план и програма за соодветното одделение. Долгорочниот ИОП се изработува во рок од 30 дена од денот на започнување на наставата на ученикот во училиштето и се реализира во текот на целата учебна година. По потреба, ИОП може да биде ревидиран (прениски, превисоки, несоодветни цели, несоодветни стратегии итн.). Во изработка и реализација на ИОП учествува инклузивниот тим за ученик согласно препораките на Регионалното стручно тело за проценка на функционирање, попреченост и здравје (според МКФ), Завод за ментално здравје на деца и младинци, Завод за рехабилитација на слух, говор и глас итн.<br>Кај учениците со ПОП кои имаат потешкотии во учењето или емоционални потешкотии но ги постигнуваат целите од наставниот план и програма се применува диференциран пристап во планирањето и реализацијата на наставата за да им овозможи на учениците да учествуваат и можност да ги постигнат резултати од учењето. Планираните активности кои се однесуваат на идентификација, поддршка и следење на учениците со ПОП од страна на членовите на УИТ и инклузивните тимови за ученик со ПОП, подетално се конкретизирани во програмата и акциониот план на УИТ. Училиштето континуирано соработува со Ресурсниот центар<br><br>**Интервју со дефектологот на ООУ „ Христијан Тодоровски-Карпош„ – Скопје, Стефанија Накова**<br><br>***Кога правите идентификување на учениците со посебни образовни потреби?**<br><br>- Уште при запишувањето на учениците во прво одделение и нивното тестирање се евидентираат учениците со ПОП. По завршување на уписот, веднаш се разговора со родителите на ученикот со цел да се објасни моменталната состојба на детето а јас како дефектолог им давам информации за училиштето и како се реализира наставата за овие дечиња. Многу важен момент е да е се напомене |

| | | |
|---|---|---|
| | | дека за овие ученици родителите доставуваат посебен документ - НАОД од институциите за ментално здравје, истиот се заверува во училиштето и го чувам во досието на ученикот.<br><br>***Како им помагате на наставниците кои работат со деца со ПОП?**<br><br>- Со наставниците кои работат со деца со ПОП имам постојаната комуникација. Постојано комуницираме, разменуваме информации за децата. Тие го следат напредокот на учениците а тоа е од големо значење за навремено преземења на соодветни мерки. Посетувам часови на кои го следам нивниот напредок а покрај тоа децата ги земам во мојата просторија и со нив работам индивидуално.<br><br>***Дали постои тим за работа со ученици со ПОП во училиштето и како работи истиот?**<br><br>- Во училиштето постои главен инклузивен тим кој е составен од седум члена: дефектолог, психолог, директор, наставник од одделенска настава , наставник од предметна настава и двајца родители. Овој тим работи по посебна програма која се изработува во месец Септември а во која се предвидени и се реализираат сите активности кои се предвидени за наставата. Покај главниот инклузивен тим постои и инклузивен тим на ученик во кој покрај стручната служба се вклучени и сите наставници кои му предаваат на ученикот.<br><br>***Во моментов колку ученици има со ПОП во нашето училиште и кој од нив се со документација?**<br><br>-Во нашето училиште идентификувани се 8 ученици со ПОП од кои сите се соодветна документација издадена од институција за ментално здравје. За овие ученици во Септември правам дефектолошка процена и изработувам посебна програма ИОП по која со наставниците работиме во текот на учебата година.<br><br>***Со какви проблеми се соочувате при средбите и разговорите со родителите на овие ученици.**<br><br>-Основниот проблем со кој се соочуваме е тоа што родителите тешко ги прифаќаат насоките за преземање мерки преку институциите за ментално здравје со што на еден начин не сакаат да прифатат дека нивното дете има потреба од работа со стручни лица во овие институции.<br><br>***Кое е вашето мислење за подобрување на оваа состојба во училиштето?** |

| | | |
|---|---|---|
| | | -Мислам дека овие ученици по завршување на наставата (прва смена бидејќи кај нас се изведува настава со продолжен престој) треба да посетуваат центри за работа со деца со посебни образовни потреби. Исто така, овие ученици не можат да посетуваат настава со продолжен престој поради нивната слаба концетрација и незаинтересираност за вклучување во редовната настава.<br><br>**Идентификација на ученици со посебни образовни потреби во учебната 2023/2024 година**<br><br>Во оваа учебна година има вкупно 7 ученици со Посебни образовни потреби,5 учат по Индивидуален образовен план -ИОП ,а 2 учат по модифицирана програма.<br><br>**Идентификација на ученици со посебни образовни потреби во учебната 2024/2025 година**<br><br>Во оваа учебна година има вкупно 7 ученици со Посебни образовни потреби,5 учат по Индивидуален образовен план -ИОП ,а 2 учат по модифицирана програма.<br><br>**Идентификација на ученици со посебни образовни потреби во учебната 2025/2026 година**<br><br>Во оваа учебна година има вкупно 8 ученици со Посебни образовни потреби,6 учат по Индивидуален образовен план -ИОП ,а 2 учат по модифицирана програма.<br><br>**Работа со надарени и талентирани ученици**<br><br>Во нашето училиште особено се обрнува внимание на работата со надарени и талентирани ученици. Надарените и талентираните ученици се ученици кои имаат развиено една или повеќе способности на ниво кое ги надминува способностите на нивните врсници. Надареноста по правило се однесува на високи постигнувања во областа на природни науки, математика,<br>јазици, додека пак талентираноста по правило се однесува на постигнувања во областа на уметностите, ликовно изразување, музика, дизајн и спорт.<br><br>Наставниците по соодветните предмети работењето со талентирани и надарени ученици го планираат на годишно ниво преку приложување на програмата за работа за додатна настава. Со овие програми се внесуваат додатни содржини во наставните програми по соодветните предмети со цел проширување на знаењата на оние ученици кои особено се истакнуваат со своите резултати во воспитно-образовниот процес и учество на разни натпревари, квизови и сл. активности, каде ќе имаат можност да ги манифестираат своите потенцијали и капацитети. Во тој контекст, учениците земаат учество на натпревари кои се организираат на регионално, градско и државно ниво по одделни предмети, а покажуваат посебен интерес за учество на спортско-рекреативни натпревари и смотри, ликовни и музички натпревари. |

**Програма за работа со надарени и талентирани ученици**

| | Активности | Реализатори | Временска рамка |
|---|---|---|---|
| 1. | Формирање на тим за работа со надарени ученици | директор | август |
| 2. | Состанок со наставниците информирање и договор за соработка | тим за работа со надарени и талентирани ученици наставници ученици | септември |
| 3. | Идентификување на надарени ученици<br>-скала на проценка и препознавањена надареноцте<br>-примена на психолошки мерни инструменти | психолог<br>наставници<br>ученици | октомври-ноември |
| 4. | Препознавање и идентификување на видот на талентот | психолог<br>наставници<br>родители<br>ученици | октомври-ноември |
| 5. | Формирање на групи на ученици според надареноста со кои дополнително ќе се работи | тим за работа со надарени и талентирани ученици<br>психолог<br>наставници | октомври-ноември |
| 6. | Собирање информации од наставниците за идентификуваните надарени ученици во нивните паралелки и планирање на активности | тим за работа со надарени и талентирани ученици<br>психолог<br>наставници | ноември декември |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7. | Учество на натпревари и културни манифестации | наставници<br>ученици | во текот на годината |
| 8. | Соработка со родители<br>-учество во идентификацијата на надарените ученици<br>-информирање на родителите за вклученоста на учениците во додатните активности<br>-информирање за постигнатите резултати | наставници<br>педагог<br>психолог<br>родители | во текот на годината |
| 9. | Претставување на успехот на учениците пред вработените, родителите и локалната заедница | директор<br>тим за работа со надарени и талентирани ученици<br>наставници<br>родители ученици | јуни |

Известувањето за напредокот на своите деца во училиштето родителите го добиваат од класните раководители, предметните наставници, од педагошко психолошка служба преку усни или писмени податоци или електронски преку Е- дневник. За таа цел се користат формални или неформални средби, родителски состаноци кои во текот на годината се одржуваат најмалку 4 пати или индивидуални средби со родителите.

Училиштето има и web страна преку која јавноста се запознава со сите случувања и напредувања на учениците.

**Анкетирани се вкупно 44 родители.**

1. Дека родителите ја користат можноста да разговараат со наставникот за постигнувањата на своето дете најголем број родители 27 или 60% целосно се согласуваат, незначителен дел 13 родители или 29% се согласуваат и незначителен дел од родителите ,т.е. 5 родители или 11% не се согласуваат.
2. Дека родителите се известени за напредокот на ученикот целосно се согласуваат поголем број на родители 29%% или 13 родители, додека поголем број 47% или 21родител се согласуваат со тврдењето, а значителен број 24% или 11 родители не се согласуваат.
3. Поголем број 53% или 24 родители целосно се согласуваат дека навремено се информирани за редовноста на нивното дете, 36% или 16 родители се согласуваат со тврдењето и незначителен број т.е. 11% или 5 родители не се согласуваат со тврдењето.
4. Со тврдењето: Од училиштето добивам добри совети за подобрување на успехот на м моето ете,најмал број 29% или 13 родители целосно се согласуваат, а 36 % или 16 родители се согласуваат и сто толкав број не се согласуваат

<table>
<tr>
<td></td>
<td></td>
<td>
5.Со тврдењето: Од училиштето добивам добри совети за подобрување на однесувањето на моето дете, поголем дел 38% се согласуваат, а ист број т.е. 31% или 14 родители целосно се согласуваат и не се согласуваат.<br>

<br>

<br>


</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на | <br><br><br><br>Училиштето континуирано организира квалитетна настава преку која се реализира наставниот план и програма со цел да се подобруваат постигањата на учениците. Квалитетната настава подразбира активна настава, во која учениците се активно вклучени и има меѓученичка интеракција, со примена на разни наставни средства и помагала, различни наставни форми, методи и техники на работа.<br><br>Стручната служба и наставниците постојано прават анализиза потребите на учениците, но и на наставниците, што придонесува за подобрување и унапредување наставата во целост<br><br>Стручните активи исто така во својата програма за работа имаат планирано реализација<br><br>на нагледни часови со користење на методи на активна настава и ефективни инструменти за оценување на знаењата на учениците.<br><br>Како битни фактори кои влијаат за подобрување на постигањата на учениците се вбројуваат и:<br>-вклучување на учениците во проекти по наставни предмети; |

| | | |
|---|---|---|
| | учениците со попреченост | -примена на различни наставни форми и методи;<br>-примена на наставни средства и помагала и различни техники на учење;<br>-дополнителна настава(за учениците кои имаат потреба од помош во учењето);<br>-додатна настава (за ученици кои покажуваат посебен интерес и натпросечни резултати по одделни наставно-научни области);<br>-учество на натпревари;<br>-научни екскурзии<br>-учество на изложби;<br>-учество на учениците во секции: драмска,новинарска и рецитаторска,ликовна,хор,оркестар,математичка, географска,секција по предметот англиски јазик, француски јазик и спортска секција, секција Млади хемичари, секција Млади физичари, секција по биологија, историска секција);<br><br>-училишни работилници(Новогодиши, Велигденски);<br>посета на театарски претстави , музички фестивали и други културни манифестации;<br>-средби со писатели,поети и уметници;<br>-континуирано следење на иновациите во образованието од страна на наставниците;<br>-соработка со локалната средина(Педагошкиот факултет;Филозофски факултет, Институт за педагогија, Бирото за развој на образованието,Општина Карпош);<br>-соработка со медиумите;<br>-учество во активност кои се организирани преку МОН, разни претпријатија,владини и невладини организации<br>-соработка со Црвен крст-Скопје<br>-Зоолошка градина<br>-околните факултети<br>-настава во природа;<br>Дополнителна и додатна настава кои спаѓаат во задолжителна настава се реализираат според распоредот изготвен од страна на комисија за изготвување на распоред во предметната настава, додека во одделенската настава распоредот го изготвија одделенските наставници.<br><br>Од спроведените анкети за родители,ученици и наставници ,добиени се следниве резултати:<br><br>Анкета за родители: |

| | | |
|---|---|---|
| | | Дали сте задоволни од постигањата на вашето дете во рамките на редовната настава?<br>3%<br>26%<br>71%<br>Да, задоволен<br>Делумно сум задоволен<br>Не сум задоволен<br>Дали сте информирани за одржување на часови за додатна и дополнителна настава?<br>18%<br>15%<br>67%<br>Да, информиран сум<br>Делумно сум информиран<br>Не сум информиран |


Дали сте задоволни од квалитетот на додатната и дополнителната настава во училиштето?
12%
9%
79%
Да, задоволен сум
Делумно сум задоволен
Не сум задоволен


Дали сметате дека вашето дете треба да посетува дополнителна настава по соодветен предмет?
9%
9%
82%
Да, сметам дека треба да посетува редовно
Да сметам дека треба да посетува повремено
Не, сметам дека не треба да посетува


Дали сметате дека вашето дете треба да посетува додатна настава со цел продлабочување и проширување на сопствените знаења по соодветен предмет?
12%
88%
Да, сметам дека треба да посетува редовно
Да сметам дека треба да посетува повремено
Не, сметам дека не треба да посетува

| | | |
|---|---|---|
| | |  <br>Анкета за ученици – дополнителна:<br>  |


Дали сметаш дека е потребна посетата на дополнителна настава?
17%
17%
66%
Да, сметам дека е потребна
Сметам дека е делумно потребна
Не, сметам дека е непотребна


Дали дополнителната настава ти помага подобро да совладаш некои содржини?
22%
25%
53%
Да, секако ми помага
Делумно ми помага
Не, не ми помага


Дали често посетуваш дополнителна настава?
14%
25%
61%
Да, често
Понекогаш
Не посетувам дополнителна настава




Анкета за ученици за додатна:






<table>
<tr>
<td></td>
<td></td>
<td>






</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | | Анкета за наставници:     |

<table>
<tr>
<td></td>
<td>Известување на родителите/ста рате лите за постигањата на учениците<br><br>Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава</td>
<td>






</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | |   |

**Опис/резиме на подрачјето**

Училиштето собира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациски периоди.

Учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици, како и учениците со попреченост се идентификуваат согласно со пропишани процедури од страна на педагошко психолошката служба во соработка со одделенските и предметните наставници.

Учениците добиваат постојана поддршка за подобрување на постигањата преку организарање на квалитетна активна настава во која учениците се постојано вклучени во рамките на редовната настава.

За подобрување на работата со ученици со ПОП и тешкотии во учењето неопходно е постојано следење на нивниот напредок кој се идентификува преку взаемна соработка помеѓу наставниците и дефектологот.

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува.

Родителите/старателите добиваат информации за постигањата на учениците по секој квалификационен период. Родителите имаат можност да разговараат со наставникот за постигнувањата на учениците.

Училиштето врши системско постојано следење на редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и превзема конкретни мерки како советувања на родителите/старателите и учениците, за што води уредна документација, ги известува надлежните институции, врши анализа и на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста,успехот и однесувањето на учениците.

Најголемиот број наставници користат методи, техники и стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците. Во текот на годината, видлива е промена во реализацијата на наставата за подобрување на постигањата, со што средниот успех на крајот на учебната година континуирано се зголемува за разлика од полугодие.

Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат потешкотии во учењето, како и диференцирана настава според изработен распоред за додатна /дополнителна настава. Родителите во најголем број случаеви не се информирани за одржување на додатна и дополнителна настава но се делумно задоволни од квалитетот на истата и сметаат дека додатната и дополнителната настава треба повремено да се организира поради што има позитивно влијание на постигнувањата на учениците.

Од училиштето добивам добри совети за подобрувањена успехот на моето дете, поголем број **69% се согласуваат (во целост или се согласувам)**, помал број **31% не се согласуваат.**

**Силни страни**

- Континуирана употреба на активна настава со примена на техники и стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците
- Работа со надарени и талентирани ученици кои имаат високи постигнувања во повеќе области.

**Слаби страни**

- Комуникација и информираност на учениците во поглед на дополнителните и додатните часови во наставата како и континуирана незаинтересираност на учениците во поглед на истата.
- Зголемен број на изостаноци на учениците кои го отежнуваат процесот на редовна настава

**Приоритети**

- Подобра организираност околу дополнителни и додатни активности
- План за поттикнување на учениците за подобрување на постигнувањата.

# Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

| Индикатор 3.1 Училишна клима | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |

| | | |
|---|---|---|
| ➢ **Медиумска застапеност** (Натписи во национални и локални медиуми; објави на социјални мрежи)<br><br>➢ **Пофалби, награди, признанија** (Освоени награди на локално и државно ниво; пофалници за ученици и наставници)<br>➢ **Ученички катчиња** (Уредени простори со творби и постигања на учениците)<br>➢ **Електронска промоција** (Активна Фејсбук страница; официјална веб-страница)<br>➢ **Проекти и партнерства** (Соработка со домашни и | **Углед/имиџ на училиштето** | ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“ – Скопје се наоѓа во централното градско подрачје на територија на општина Карпош-Скопје Тоа е првото и најстарото училиште во општината, кое може да се пофали со многу успешни излезени генерации, пофалби, награди, ученички катчиња, веб-страница на училиштето и соработка со други училишта преку проекти. Училиштето е препознатливо во локалната средина како училиште кое промовира постигања во многу области, а како доказ за тоа се и многубројните награди и признанија на локално и државно ниво.<br>Учениците од одделенска и предметна настава се активно вклучени во многубројните воннаставни активности, училишни секции и клубови. Сето ова редовно се промовира преку електронските социјални мрежи, училишната веб-страница и ученичките катчиња во училиштето.<br><br>Преку медиумската застапеност зголемена е видливост и промоција на активностите на училиштето<br>Пофалбите, наградите и признанијата се само потврда за квалитетот на наставата и афирмација на училиштето.<br>Уредените простори со ликовни и литературни творби и постигања на учениците придонесуваат во јакнење на ученичката креативност и чувството на припадност.<br>Активната Фејсбук страница и официјална веб-страница овозможуват подобра комуникација со јавноста и родителите.<br>Проектите и партнерствата придонесуваат за зголемување на угледот преку размена на искуства и иновативни практики.<br>Активното учество на учениците во секциите, клубовите и училишните настани се препознатливост како средина и ги поттикнуваат талентите и тимската работа. |

| | | |
|---|---|---|
| меѓународни училишта)<br><br>➢ **Воннаставни активности** (Секции, клубови и училишни настани со активно учество на учениците) | | Училиштето се стреми кон предизвици и насоки за подобрување;<br>-Поголема застапеност во национални медиуми; континуитет во ажурирањето на објавите,:<br>- Поголема поддршка за учениците и наставниците за учество на меѓународни натпревари:<br>- Поголемо вклучување на сите ученици и редовно освежување на катчињата:<br>- Подобрување на визуелниот изглед на веб-страницата и воведување повеќе мултимедијални содржини:<br>- Поголема иницијатива за нови партнерства и проекти со институции од странство:<br>- Зголемување на бројот на секции и подобра промоција на ученичките успеси. |

| | | |
|---|---|---|
| ➢ Кодекс на оденсување;<br>➢ Куќен ред на училиштето;<br>➢ Анкети со наставници,родители,ученици;<br>➢ Педагошка евиденција и документација на училиштето;<br>➢ Статут на училиштето; | **Кодекс на однесување** | Во училиштето е воспоставен и применуван Кодекс на однесување кој ги опфаќа сите чинители во воспитно-образовниот процес: наставници, ученици и родители. За секоја група постојат посебни Кодекси за однесување, а воедно е подготвен и општ Кодекс на однесување за целото училиште, со кој се дефинирани принципите и правилата на однесување, почитување и одговорност.<br><br>Кодексите се поставени на видно место во училиштето, а во училниците се истакнати Кодексите за однесување на ученици, родителите и наставниците, со цел истите да имаат непосреден пристап до содржината. На овој начин, училиштето обезбедува јасни насоки за очекуваното однесување, културтаа на комуникација и заштитата на достоинството на сите учесници во процесот.<br><br>Врз основа на анкета спроведена во училиштето се добиени следниве резултати: |

| | | |
|---|---|---|
| | | **Анкетирани се 22 наставници кои на прашањето**<br><br>**3.1.1. Имам учествувано во изработка / ажурирање на кодексот за однесување во училиштето**<br>45,5% одговориле дека се согласуваат,и целосно се согласувам, 13,6% одговориле со не се согасувам и целосно не се согласува и 40,9% одговориле неутрално .<br><br>**3.1.2 Училиштето соодветно постапува доколку се прекрши Кодексот на однесување**<br>72,7% одговориле дека се согласуваат и целосно се согласувам 13,6%,одговориле неутрално ,и 13,6%, одговориле со не се согасувам .<br><br>**3.1.3.Наставниците се информирани и запознаени со содржината на кодексот**<br>68,7% одговориле дека се согласуваат и целосно се согласувам 13,6%,одговориле со неутрално ,и 18,8%, одговориле со не се согасувам.<br><br>**3.1.4. Имам можност да придонесам во ажурирање и развој на Кодексот**<br>81,8% одговориле дека се согласуваат и целосно се согласувам 9,09%,одговориле неутрално ,и 9,09%, одговориле со не се согасувам.<br><br>**-На прашањето „Што сметате дека може да се подобри со примената на Кодексот во училиштето ? Дадени се следниве предлози**<br>-почести тим билдинг средби,<br>-да се применува беспрекорно,<br>,да се применат поссодветни мерки,<br>-да се почитува,соработката со родители, да се има повеќе ресурси,<br><br>**-Анкетирани се 18 ученици кои на прашањето:**<br><br>**3.1.5. Имам учествувано во изработка на кодексот во училиштето**<br>33,3% одговориле дека се согласуваат и целосно се согласувам 22,2%,одговориле неутрално ,и 38,8%, одговориле со не се согасувам.<br>**3.1.6. Училиштето соодветно постапува доколку се прекрши Кодексот на однесување**<br>50% одговориле дека се согласуваат и целосно се согласувам 44,4%,одговориле неутрално ,и 5,5%, одговориле со не се согасувам.<br>**3.1.7. Во одделението/училиштето имаме донесено заеднички правила на однесување, кои ги почитувме**<br>50% одговориле дека се согласуваат и целосно се согласувам 44,4%,одговориле неутрално ,и 5,5%, одговориле со не се согасувам<br>**3.1.8 Запознаен/а сум со последиците доколку не ги почитувам правилата во** |

| | | |
|---|---|---|
| | | **училиштето**<br>88% одговориле дека се согласуваат и целосно се согласувам, а 5,5% одговориле неутрално ,и 5,5%, одговориле со не се согасувам<br><br>**-Анкетирани се 15 родители кои на прашањето**<br><br>**3.1.9.Запознаен/а сум со кодексот на однесување во училиштето**<br>86% одговориле дека се согласуваат и целосно се согласувам, а 6,6% одговориле неутрално ,и 6,6%, одговориле со не се согасувам<br><br>**3.1.10. Имам можности да придонесам за развој/ажурирање на содржината на Кодексот на однесување**.<br>46,6% одговориле дека се согласуваат и целосно се согласувам, а 26,6% одговориле неутрално ,и 20%, одговориле со не се согасувам<br>**3.1.11. Училиштето редовно ги информира родителите за правилата и последиците од прекршување на кодексот.**<br>53,3% одговориле дека се согласуваат и целосно се согласувам, а 33,3% одговориле неутрално ,и 13,3%, одговориле со не се согасувам<br><br>**3.1.12. Мислам дека Кодексот позитивно влијае на однесувањето на учениците**<br>86,6% одговориле дека се согласуваат и целосно се согласувам, а 6,6% одговориле неутрално ,и 6,6%, одговориле со не се согасувам<br><br>**-Од предлози на родителите за подобрување на Кодексот се следниве**<br>-видливо поставување на поставените правила,<br>-да се мотивираат сите засегнати страни да го почитуваат кодексот,<br>-поголеми права и слобода во однос на наставниците. |

| | | |
|---|---|---|
| ➢ Анкети со наставници, родители, ученици; | **Училишна клима** | Училиштето е средина во која учениците имаат еднакви можности да стекнат знаења, способности и вештини, но и да развиваат вредности како почитување, разбирање и меѓусебна поддршка. Целта е да се создаде позитивна и безбедна атмосфера која ги охрабрува учениците да напредуваат во учењето и истовремено да се воспитуваат во духот на одговорност, соработка и толеранција.<br>Со вложувања во подобрување на условите за работа и престој, обезбедување современи наставни средства и континуирано усовршување на наставниот кадар, училиштето гради клима која поттикнува квалитетна настава и заеднички успех. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Следува анализа на собраните податоци од анкетите, кои ја прикажуваат перцепцијата на наставниците и учениците за училишната клима и условите за учење и работа.<br><br>**Анкетирани се 19 наставници кои на прашањето**<br>**3.1.13. Атмосферата во училиштето е позитивна и поттикнувачка** 68,4% одговориле дека се согласуваат и целосно се согласувам, а 21,5% одговориле неутрално ,и 10,5%, одговориле со не се согасувам<br><br>**3.1.14. Добро соработувам со колегите во училиштето** 73,6% одговориле дека се согласуваат и целосно се согласувам, а 15,7% одговориле неутрално ,и 10,5%, одговориле со не се согасувам<br><br>**3.1.15.На прашањето што мислите дека може да се подбри во училишната клима и соработка меѓу наставниците и учениците,наставниците ги дадоа следниве предлози:**<br>-поголема координираност,<br>-повеќе работилници ,<br>-тим билдинг,<br>-почести излети, екскурзии<br>-отворени дискусии на часот.<br><br>**-Анкетирани се 20 ученици кои на прашањето**<br>**3.1.16. Училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици** 75% одговориле дека се согласуваат и целосно се согласувам, а 25% одговориле неутрално ,и 0%, одговориле со не се согасувам<br><br>**3.1.17. Имам еднакви можности за учество во активностите во училиштето, како и другите ученици**<br>85% одговориле дека се согласуваат и целосно се согласувам, а 15% одговориле неутрално ,и 0%, одговориле со не се согасувам<br><br>**3.1.18. Имам еднакви можности за учество во различните активности на часовите (на пр. поставување прашања, презентирање, одговарање), како и другите ученици**<br>80% одговориле дека се согласуваат и целосно се согласувам, а 20% одговориле неутрално ,и 0%, одговориле со не се согасувам<br><br>**Анкетирани се 20 родители кои на прашањето**<br>**3.1.19. Моето дете е прифатено и почитувано од наставниците** 95% одговориле дека се согласуваат и целосно се согласувам, 5%, одговориле со не се согасувам<br>**3.1.20 Моето дете е прифатено и почитувано од соучениците** 80 % одговориле дека се согласуваат и целосно се согласувам, а 15% одговориле неутрално ,и 5%, одговориле со не |

| | | |
|---|---|---|
| | | се согасувам<br>**3.1.21. Моето дете сака да оди на училиште** 85 % одговориле дека се согласуваат и целосно се согласувам, а 15% одговориле неутрално ,и 0%, одговориле со не се согасувам<br><br>**На прашањето што мислите дека може да се подобри во однесувањето на учениците и училишната клима,дадени следниве предлози:**<br>-да има практична настава,да учат за здравје,исхрана ,физичко здравје ,<br>-поголема меѓусебна почит,едукација ,емпатија и важност за нејзино изразување,прифаќање на училиштето како свој втор дом со сопствени одговорности,<br>-да се воведе соработка помеѓу одделенијата;<br>-да се создава подржувачка средина во која сите ќе се цувствуваат прифатено;<br>- работилници за подобрување на однесувањето;<br>-да се стави акцент на домашното воспитание;<br>-поголема дисциплина кај децата. |

| | | |
|---|---|---|
| ➢ Анкети со наставници, родители,ученици;,<br>➢ Педагошка евиденција и документација на училиштето | **Поведение и дисциплина во училиштето** | Од сета документација во училиштето и согледување на раководниот и наставниот кадар е дека на часовите дисциплината е на задоволително ниво,но на одморите учениците се поактивни, пораздвижени, што сепак е во граници на нормалата.Во учебна година 2023-2024 беа изречени шест педагошки мерки, пет усни опомени и укор од одделенскиот раководител ,а во учебната 2024/25 се изречени четиринаесет педеагошки мерки,дванаесет усни опомени и две писмени опомени.Поведението кај сите ученици во изминатиот две годишен период е примерно. За учениците што ги прекршуваат правилата на однесување се постапува согласно правилникот за педагошки мерки и педагошко- психолошка поддршка.<br><br>Врз основа на анкета спроведена во училиштето се добиени следниве резултати: **Анкетирани се 18 наставници кои на прашањето**<br>**3.21 За време на моите часови има добра работна атмосфера** 58% се согласуваат, а 42% од наставниците целосно се согласуваат<br>**3.22 Со моите ученици спроведувам активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти** 63% се согласуваат, а 32% од наставниците целосно се согласуваат<br>**Анкетирани се 25 родители кои на прашањето**<br>**3.23 Училиштето добро се справува со дисциплината** 62 % целосно се согласуваат родители од одделенска настава и 82 % се согласуваат родители од предметна настава |

| | | |
|---|---|---|
| ➢ Анкети со наставници, родители,ученици;<br>➢ Записнициод состаноци<br>➢ Програма и правилник за работа на ученичкиот парламент и ученикот правобранител;<br>➢ Досие на ученички парламент (програма за работа, записници, одлуки, извештаи од реализирани ученички иницијативи). | **Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми** | Учениците се вклучени во работата на училиштето, имаат програма за работа и се вклучени во детскиот парламент. Избран е ученик правобранител, за што постојат записници и извештаи и исто така записници и извештаи од вклученоста на учениците во различни иницијативи. Учениците, со помош и поддршка од училиштето, родителите и наставниците, учествуваат во различни манифестации од натпреварувачки и културен карактер. Угледот и имиџот на училиштето го подигнуваат и медиумите каде се известува за разновидни активности што се случуваат во истото. Училиштето става голем акцент на постигањата на сите ученици. Наставниот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување јасни и високи очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Учениците исто така имаат големи очекувања од самите себе и од другите, имаат аспирации за повисоки постигања на ниво на училиште. Наставниот кадар успешно го користи пофалувањето како начин на мотивирање. Нашето училиште води политика за поттикнување на наставниот кадар и учениците да учествуваат и постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално и национално ниво.<br>Од увидот во записниците и годишен извештај јасно е дека учениците се вклучени во донесување одлуки за прашања кои се во нивен интерес<br>Врз основа на анкета спроведена во училиштето се добиени следниве резултати:<br>**Анкетирани се 18 наставници кои на прашањето**<br>**3.1 Учениците ги мотивирам да учествуваат во донесување одлуки за прашања кои се во нивни интерес 100** % потполно се согласуваат.<br>**3.2 Учениците и родителите во училиштето добиваат соодветна поддршка и помош за решавање на проблемите 94,4**% потполно се согласуваат,**5,5** % делумно се огласуваат.<br>**Анкетирани се 24 ученици кои на прашањето**<br>**3.3 Ученичката заедница од моето одделение учествува во активности за подобрување на работата на училиштето 66,6**% потполно се согласуваат 25% делумно се согласуваат а 8,3% не се согласуваат.<br>**3.4 Кога имам потреба од помош, можам да се обратам на раководителот на паралелката или на друг наставник 79,1**% потполно се согласуваат а 20,83% делумно се согласуваат.<br>**3.5 Во училиштето добивам поддршка и помош при решавање на некој проблем 62,5**% потполно се согласуваат ,25 % делумно се согласуваат а12,5% не се согласуваат.<br>**Анкетирани се 35 родители кои на прашањето**<br>**3.6 Сум бил/а вклучен/а во активности за запознавање со правата на децата,организирани од училиштет** 31,4% потполно се согласуваат 51,4% делумно се согласуваат а 17,1% не се согласуваат. |

| Индикатор 3.2 Еднаквост и правичност | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| - Анкети со наставници и ученици;<br>- Записници од активностите на Ученичкиот парламент и ученикот правобранител; | **Познавање и почитување на правата на децата** | Во училиштето, ученичкиот правобранител се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците и реализира активности за запознавање на учениците со неговите надлежности во однос на заштита на детските права. Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата. Училиштето организира активности со дел од родителите/старателите за да ги запознае со правата на децата. Најголемиот број од учениците сметаат дека нивните права се почитуваат. Врз основа на анкета спроведена во училиштето се добиени следниве резултати:<br>**Анкетирани се 18 наставници кои на прашањето**<br>**3.9 Реализирам работилници за запознавање на родителите со правата и обврските на децата** 61% се согласуваат, а делумно се согласуваат 39%.<br>**3.10 На учениците им укажувам на различните механизми за заштита на нивните права кои постојат во училиштето, целосно се согласуваат со ова тврдење сите анкетирани наставници** 100% .<br>**Анкетирани се 24 ученици кои на прашањето**<br>**3.12 Знам како да постапам и каде да се обратам ако забележам прекршување на моите права** 75% целосно се согласуваат , 13% делумно и 13% не се согласуваат.<br>**3.14 Можам слободно да барам совет и поддршка од педагогот или психологот во училиштето** 83% целосно се согласуваат, а 17% делумно се согласуваат. |

| | | |
|---|---|---|
| ➢ Анкети со наставници, родители, ученици; | **Еднаков и правичен третман на сите ученици** | Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи, но нема развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот. Учениците знаат да препознаат нееднаков третман и каде да се обратат. Сите ученици имаат пристап и се вклучени во училишните активности.<br>Врз основа на анкета спроведена во училиштето се добиени следниве резултати:<br>**3.11 Соодветно реагирам на поплаките на учениците за нееднаков третман** подеднакво со по 100% целосно се согласуваат.<br>**3.12 Различните маргинализирани / ранливи групи ги вклучувам во училишните активности** 100 % се согласуваат.<br>**Анкетирани се 24 ученици кои на прашањето**<br>**3.2 Во училиштето се чувствувам прифатено од другите ученици.** 75% целосно се согласуваат, а 25% делумно се согласуваат.<br>**3.3 Во училиштето се чувствувам прифатено од наставниците** 83% целосно се согласуваат , а 17 % делумно се согласуваат.<br>**3.4 Сакам да одам на училиште** 54% целосно се согласуваат, 42% делумно се согласуваат и 4% не се согласуваат.<br>**Анкетирани се 35 родители кои на прашањето**<br>**3.8 Моето дете, во училиштето, ги добива истите услови за учење како и другите ученици** 77 % целосно се согласуваат, 17% делумно се согласуваат и 6% не се согласуваат.<br>**3.9 Моето дете е оценувано според исти критериуми како и другите ученици**<br>77 % целосно се согласуваат, 20% делумно и 3% не се согласуваат.<br>**3.10 Моето дете не било дискриминирано во училиштето врз основа на неговиот пол, етничка припадност, религиска припадност или друго** 83 % целосно се согласуваат и 17 % делумно се согласуваат.<br>**3.11.Училиштето навремено и соодветно реагира на нееднаков третман на учениците** 71 % целосно се согласуваат, 26% делумно се согласуваат и 3% не се согласуваат. |

| Индикатор 3.3 Партнерски однос со заедницата | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| ➢ Анкети со наставници,родители;<br>➢ Електронскидневник;<br>➢ Извештај за работата на училиштето;<br>➢ Записнициод совет на родители;. | **Соработка на училиштето со родителите/старателите** | Училиштето е отворено за родители секој ден. Училиштето ја прифаќа поддршката од родителите кои самоиницијативно сакаат да се вклучат во животот и во работата на училиштето, а исто така ги поттикнува родителите поактивно да се вклучат во слободните и вонаставни активности во училиштето. Родителите даваат идеи за подобрување на воспитно-образовниот процес во училиштето. Мислењата и ставовите на родителите/старателите влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето. Соработка на училиште со родителите се реализира преку состаноци на Совет на родители. Родители се вклучени во Училишен одбор, некои проекти што се спроведуваат во училиштето, во одбележувањето на Патронот на училиштето, родителски средби, индивидуални родителски средби, инклузивен училишен тим.<br>Врз основа на анкета спроведена во училиштето се добиени следниве резултати:<br>**Анкетирани се 18 наставници кои на прашањето**<br>**3.3 Родителите/старателите ги поттикнувам активно да се вклучат во активностите во училиштето 94,4** % потполно се согласуваат, а 5,5% од наставниците делумно се согласуваат.<br>**3.4 Ги прифаќам аргументираните идеи од родителите за подобрување на воспитно-образовниот процес 61**% потполно се согласуваат, а 39% од наставниците делумно се согласуваат.<br>**Анкетирани се 35 родители кои на прашањето**<br>**3.5 Мислењата и ставовите на родителите / старателите за унапредување на воспитно-образовниот процес се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето** 51,4% потполно се согласуваат 42,8 % делумно се согласуваат а 5,7% не се согласуваат |

| | | |
|---|---|---|
| ➢ Анкети со наставници,<br>➢ Годишен извештај за работа на училиште 2023/2024 год.<br>➢ Полугодишен извештај за работа на училиште 2024/2025 год. | **Соработка со општината и со урбаната заедница** | Училиштето со свои претставници редовно учествуваат во одбележување на настани од локален карактер како сто се општествени, културни,спортски, здравствени, социјални и ЕКО активности.<br>Се реализираат активности исполнети со спортски,културни и образовни содржини наменети завработените, родителите и жителите од средината во која работи училиштето и тоа следните активности: Ликовни и литературни конкурси, спортски натпревари, промоции, донаторски акции,крводарителски акции, манифестации, посета на културни настани (театарски претстави, музички збиднувања, изложби), учествува на собири и здружувања, манифестации по одредени поводи.Сите чинители во воспино-образовниот процес се залагаат за јакнење на соработката, поддршката и промоција на училиштето на локално ниво.<br>Врз основа на анкета спроведена во училиштето се добиени следниве резултати:<br>**Анкетирани се 18 наставници кои на прашањето**<br>**3.6 Учествувам во спроведување на заеднички проекти со Општината кои се од интерес на училиштето и заедницата 67%** потполно се согласуваат, а 33 % од наставниците делумно се согласуваат. |

| **Индикатор 3.4 Севкупна грижа за учениците** | | |
|---|---|---|
| **Извор на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |

| | | |
|---|---|---|
| ➢ Кодекс на однесување<br>➢ Куќен ред на училиштето<br>➢ Протокол за превенција и заштита од насилство<br>➢ Анкети со наставници, родители, ученици | **Превенција и заштита од насилство** | Важен аспект кој се вградува во глобалните цели на образованието е аспектот на здравјето, како физичкото, така и менталното. Покрај тоа што физичкото здравје и досега постоеше во сите наставни планови и програми како посебно здравствено образование според најновата дефиниција на Здравствената организација здравјето се дефинира како целосна физичка, ментална и социјална благосостојба. Затоа и нашето училиштето при планирањето на Годишната програма за работа поаѓа од овие аспекти.Форми и активности кои се користат за обезбедување на грижата, благосостојбата и заштита на децата и од двата пола подеднакво во нашето училиште се индивидуална работа, отворена комуникација меѓу наставниците и учениците, меѓусебни консултации на наставниците,соработка со педагошко-психолошката служба, директорот на училиштето,соработка со родителите и соработка со инстутуциите од локалната самоуправа.<br>Според „Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било форма на насилство, злоупотреба и занемарување“ донесено од страна на МОН училиштето има обврска да постапува во случаи на насилство над учениците и да превзема мерки за заштита на ученици жртви на насилство и да спроведува активности за превенција на |

| | | |
|---|---|---|
| | | насилство.<br>Раководејќи се според ова упатсво во учебната 2023/2024 година се спроведе едукативно предавање на тема –„Што е насилство„ предводена од адвокат Анастасија Павлески за сите ученици од прво до девето одделение. Во учебната година 2024/2025 година спроведена работилница- „Како да се справиме со насилството“ исто така водена од адвокат Анастасија Павлевски.Во текот на целата учебна година спроведен е и проект „Безбедност во училиштата“ – изготвен од одделението за превенција и одделението за развој на полицијата.<br><br>**Анкетирани се 18 наставници кои на прашањето**<br>**3.4.1 Со моите ученици спроведувам активности за превенција на насилство и ненасилно решавање на конфликти** 89 % се согласуваат со тврдењето и 11% делумно се соласуваат.<br>**3.4.2 Во училиштето се работи со сите ученици и учесници во врсничко насилство** 83% потполно се согласуваат со тврдењето,11% делумно се согласуваат, 6% не се согласуваат<br><br>**Анкетирани се 24 ученици кои на прашањето**<br>**3.4.1 Знам како треба да постапам ако забележам или ми се случи врсничко насилство во училиштето** 75% потполно се согласуваат со тврдењето, 21 % делумно се согласуваат со оваа тврдење и 4 % не се согласуваат<br>**3.4.2 Во училиштето работиме на решавање конфликти и спречување насилство** 83% потполно се согласуваат со тврдењето, додека 13 % делумно се согласуваат и 4% не се согласуваат со тврдењето.<br><br>**Анкетирани се 32 родители кои на прашањето**<br>**3.4.1 Запознаен/а сум со училишниот протокол за превенција и постапување во случаи на насилство** 53% потполно се согласуваат со тврдењето, 38% делумно се согласуваат и 9% не се согласуваат со тврдењето<br>**3.4.2 Во училиштето се спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти**59% потполно се согласуваат со тврдењето, 34% делумно се согласуваат и 6% не се согласуваат со тврдењето<br>**3.4.3 Училиштето добро се справува при појава на насилство**47% потполно се согласуваат и 53% од родителите делумно се согласуваат со тврдењето. |

| | | |
|---|---|---|
| ➢ Кодекс на однесување<br>➢ Годишен извештај за работа на училиште 2023/2024 год.<br>➢ Годишен извештај за работа на училиште 2024/2025 год.<br>➢ Анкети со наставници, родители, ученици | **Заштита од пушење, алкохол и од дрога** | Се организираат предавања на определени теми кои ја обработуваат проблематиката зачувување на физичкото здравје, емоционалниот и социјалниот развој на децата најчесто на одделенските часови, во рамки на подрачјето грижа за здравјето и здравствена заштита на учениците. За зајакнување на воспитната компонента на часовите на одделенската заедница, одделенските раководители со учениците ја реализираат програмата „Образование за животни вештини“ донесена од страна на МОН и Биро за развој на образованието, каде што преку работилнички тип на работа се обработуваат теми од личниот, физичкиот, социјалниот, емоционалниот развој на учениците. Преку овие активности учениците се оспособуваат да се грижат за своето здравје, да развиваат вештини за комуникација, за решавање на проблеми, за лично и општествено однесување.<br><br>Врз основа на анкета спроведена во училиштето се добиени следниве резултати:<br>**Анкетирани се 18 наставници кои на прашањето**<br><br>**3.4.3 Учествувам во реализација на работилници со ученици за превенција од пушење, алкохол и дрога** 23% потполно се согласуваат, 61% делумно се согласуваат со тврдењето, и 6% не се согласуваат со тврдењето.<br><br>**Анкетирани се 24 ученици кои на прашањето**<br>**3.4.3 Учествувам во работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства** 58% потполно се согласуваат со тврдењето, 25 % делумно се согласуваат со тврдењето, и 17% не се согласуваат со тврдењето<br><br>**Анкетирани се 32 родители кои на прашањето**<br>**3.4.5 Во училиштето се преземаат мерки за превенција за заштита од алкохол, пушење и дрога** 41% потполно се согласуваат со тврдењето, 47% делумно се согласуваат и 13% не се согласуваат со тврдењето |

| | | |
|---|---|---|
| ➢ Годишен извештај за работа на училиште 2023/2024 и 2024/25 год. | **Квалитет на достапна храна** | Нашето училиште има склучено договор со „Ванила Фуд“-ДООЕЛ увоз-извоз со број на договор 03-99/1 од 27.2.2023 год за организирање на исхрана (ужинка) на учениците во училиштето.<br>Учениците кои престојуваат во продолжен престој од понеделник до петок имаат организирана исхрана според утврдената листа на јадење. Квалитетот на достапната храна постојано се следи.За тоа училиштето поседува извештаии од бактериолошко тестирање при санитарно – хигиенски увид од Центар за јавно здравје (ЦЈЗ). |

| | | |
|---|---|---|
| ➢ Полугодишен извештај за работа на училиште 2023/2024 год.и 2024/25г<br>➢ Анкети со родители и ученици | **Хигиена и заштита од болести** | При запишувањето на учениците педагогот и психологот вршат интервју со родителите на учениците преку кои се добиваат првични информации за детето. Исто така родителите пополнуваат и Прашалник со податоци за децата, образовното ниво на родителите и социо-економскиот статус на семејството. Доколку постојат заболувања и испитувања во предучилишниот период се бара на увид документацијата, при што се прави копија или препис кој се чува во досието на ученикот кај психологот научилиштето.<br>Исто така училиштето води грижа за своите вработени и спроведува систематски и санитарен преглед.<br>Секоја година редовно се извршува дезинсекција, дезинфекција и дератизација во училишните простории.<br><br>Врз основа на анкета спроведена во училиштето се добиени следниве резултати:<br><br>**Анкетирани се 24 ученици кои на прашањето**<br><br>**3.4.4 Училиштето е чисто и уредно** 54% потполно се согласуваат, 42% делумно се согласуваат со и 4% не се согласуваат со тврдењето<br><br>**Анкетирани се 32 родители кои на прашањето**<br><br>**3.4.6 Хигиената во училиштето е на високо ниво** 58% потполно се согласуваат , 18% делумно се согласуваат со тврдењето и, 24% не се согласуваат со тврдењето |

| | | |
|---|---|---|
| ➢ Анкети со ученици | **Грижа за безбедноста на учениците и вработените** | Училиштето има ПП апарати кои редовно се сервисираат. Вработените имаат посетувано обука за безбедност и заштита при работа.<br>Во училиштето постои план за евакуација и според него се спроведува симулација за брзо напуштање на зградата во случај на елемнтарна непогода и друга опасност.<br><br>Врз основа на анкета спроведена во училиштето се добиени следниве резултати:<br><br>**Анкетирани се 24 ученици кои на прашањето**<br>**3.4.5 Во училиштето се чувствувам сигурно и безбедно** 67% потполно се согласуваат и 33% делумно се согласуваат со тврдењето |

| | | |
|---|---|---|
| ➢ Анкети со ученици | **Грижа за учениците од социјално загрозени семејства** | Во училиштето се организираат хуманитарни акции и манифестации под мотото „Подај рака, донирај за твојот сосед“, „Љубов за Дамјан“, „Подај рака за децата со ретка болест - Вилсон“ , „Недела за подигнување на свесноста за аутизмот“за помош во облека и училиштен прибор на економски најзагрозените ученици „Прибор за моето другарче“<br>Врз основа на анкета спроведена во училиштето се добиени следниве резултати:<br>**Анкетирани се 24 ученици кои на прашањето**<br>**3.4.6 Наставниците ги разбираат моите потреби и проблеми** 58 % потполно се согласуваат со тврдењето додека 38% делумно се согласуваат со тврдењето и 4% од учениците не се согласуваат со тврдењето. |

| | | |
|---|---|---|
| ➢ Полугодишен извештај за работа на училиште 2023/2024 год.и 2024/25 год | **Грижа за учениците со здравствени проблеми** | Здравствената состојба редовно се контролира преку систематски прегледи и се врши задолжителна имунизација според програмата на Заводот за здравствена заштита –Скопје – „Детски диспанзер“- Карпош.Истовремено во соработка со детскиот диспанзер Карпош се води грижа и за оралното здравје на учениците.На учениците им се презентираат и предавања од обласа на здравјето (физичко и ментално здравје) од страна на одделенските раководители и стручната служба во подрачјето грижа за здравјето.Училиштето води грижа за учениците со индивидуален приод кон ученикот, односно прилагодување на моделите на наставата кон индивидуалните потреби на учениците. Со ученици со посебни образовни потреби работи и специјален едукатор и рехабилитатор како и образовни асистенти и прдружник за учениците со посебни образовни потреби . |

| | | |
|---|---|---|
| ➢ Годишен извештај за работа на училиште 2023/2024 год<br>➢ Полугодишен извештај<br>➢ за работа на училиште 2023/2024 год<br>➢ Анкети со родителите | **Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците** | Училиштето во рамките на своите можности и со ангажирање на вработените води грижа за благосостојбата и заштитата на учениците и од двата пола подеднакво. Наставниците и педагошко-психолошката служба со расположливите ресурси во училиштето се трудат да имаат што повеќе информации и податоци и за менталното здравје, односно за физичкиот,емоционалниот и социјалниот аспект од развојот на учениците.Истите се добиваат од разговори и интервјуа со родителите од страна на педагошко-психолошката служба и одделенските раководители, примена на расположливите психолошки техники од страна на психологот и во соработка со соодветни стручни лица и институции ( Завод за ментално здравје Скопје,МКФ – Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори). Се водат психолошки досиеја, кои ги содржат сите податоци од развојот на учениците до кои што се доаѓа во училиштето, надополнети со мислење на наведените институции.<br>Врз основа на анкета спроведена во училиштето се добиени следниве резултати: **Анкетирани се 32 родители кои на прашањето**<br>3.4.7 **Училиштето се грижи за добросостојбата на моето дете**, 63% потполно се согласуваат со тврдењето, 37% делумно се согласуваат со тврдењето<br>3.4.8 **Училиштето се грижи за емоционалната состојба на моето дете**,47% потполно се согласуваат со тврдењето и 53% делумно се согласуваат на тврдењето |

| | | |
|---|---|---|
| ➢ Записнициод совет на родители;.<br>➢ Анкети со родителите | **Давање помош при изборот за продолжување на образованието** | Учениците и родителите за помошта што може да ја добијат од педагошко- психолошката служба се информираат преку индивидуални контакти на службата и учениците и родителите, од страна на одделенските наставници во одделенската настава и одделенските раководители во предметната настава на одделенски час, на родителските состаноци, како и на седниците на Советот на родители. При ова подеднакво се информираат сите ученици и нивните родители без оглед на полот и националната припадност .Советодавна помош за избор на занимање и образовна институција се врши преку предавања на одделенскиот час или на посебни часови за ученици од деветто одделение од страна на одделенскиот раководител и психологот на училиштето, како и преку ученичката организација.Исто така во однос на изборот на натамошното продолжување на образованието на учениците без оглед на полот, учениците подеднакво се информираат за мрежата на училиштата за средното образование во градот Скопје, како и на територијата на Република Македонија, можностите и условите за запишување од страна на одделенските раководители и преку презентации и посети на самите средни училишта.<br>Врз основа на анкета спроведена во училиштето се добиени следниве резултати:<br>**Анкетирани се 32 родители кои на прашањето**<br>**3.4.9 Училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците,** 53% потполно се согласуваат со тврдењето, 38% делумно се согласуваат и 9% не се согласуваат со тврдењето |

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

**Опис/резиме на подрачјето**

Во училиштето учениците се активно вклучени во училишниот живот преку ученичкиот парламент, кој им овозможува учествуваат во донесување одлуки и во решавање на проблеми. Постојат и ученички правобранители чија задача е да се грижат за правата и интересите на учениците. Покрај тоа, редовно се организираат активности и настани кои се опфатени со годишната програма за работа, со цел да се поттикне ангажираноста и одговорноста кај младите . Во училиштето владее клима на меѓусебно почитување. Се почитуваат правата на учениците, наставниците и родителите, а се негува и култура на соработка и заемна одговорност. Наставниците и родителите вложуваат напори за учениците да бидат одговорни во исполнувањето на своите задачи и обврски. Се обезбедува еднаков третман за сите ученици, без разлика на нивните индивидуални особености.Училиштето и наставниците одржуваат постојана и продуктивна комуникација со родителите, учениците и локалната заедница. Се остварува соработка со различни јавни институции, невладини организации и здруженија на граѓани, со цел да се добие поддршка во образовниот процес и во воспитната работа. Ваквата соработка често вклучува реализација на заеднички проекти, обезбедување материјални средства или интелектуални услуги од надворешни експерти.Покрај наставниот процес, во училиштето редвоно се спроведуваат превентивни програми и активности кои се насочени кон здрави животни навики. Учениците се едуцираат за правилна и здрава исхрана, за важноста од физичка активност и спорт, како и за заштита од штетните влијанија на алкохолот, цигарите и дрогата. Се реализираат и редовни здравствени прегледи за наставниците и учениците.Големо внимание се посветува и на психолошката и емоционалната поддршка на учениците. Постојат постапки и механизми за навремено откривање и решавање на евентуални проблеми во однесувањето или во менталното здравје на децата. Се води педагошка евиденција и документација, како и зписници и извештаи за полесно справување со секојдневните ситуации што можат да настанат за време на наставата или вонннаставните активности. Целокупната работа на училиштето е насочена кон создавање позитивна и безбедна средина, во која наставниците, учениците и родителите заедно придонесуваат за подобри резултати во образованието, воспитувањето и личниот развој на секое дете.

**Силни страни**

- Училиштето има позитивна клима
- Училиштето има кодески за однесување и куќен ред со кој се запознати учениците, наставниците, родителите и сите засегнати страни
- Училиштето има детски парламент
- Училиштето има ученик правобранител
- Училиштето има соодветна евиденција и документација за дисциплина, однесување, формирање на соодветни тела, учетво и донесување на одлуки
- од страна на учениците.
- Училиштето постојано соработува со локалната средина
- Училиштето е афирмирано и постојано застапено во локалните и националните медиуми
- Училиштето има еднаков и правичен пристап кон сите ученици.
- Учениците сакаат да одат на училиште и се чувствуваат прифатени од соучениците и наставниците
- Училиштето промовира еднаков и правичен третман кон сите ученици. Учениците знаат да препознаат нееднаков третман и каде да се обратат
- Учениците се мотивирани да учествуваат во донесување одлуки за прашања кои се во нивни интерес
- Сите вработени и ученици редовно вршат систематски прегледи

**Слаби страни**

- Во училиштето степенот на хигиената да биде на повисоко ниво.
- Помала вклученост на родителите во активности поврзани со правата на децата

**Приоритети**

- Подобрување на хигиената во училиштето.
- Училиштето да промовира и органнизира активности поврзани со правата на децата во кои ќе ги вклучи и родителите

## Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

| Индикатор 4.1 Управување и раководење со училиштето | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Деловник за работа на Училишниот одбор<br><br>•Статут на училиштето<br><br>•Годишна програма за работа на училиштето 2023/2024 и 2024/2025 година<br><br>• Анкета за наставници<br>• Анкета за родители<br>• Анкета со ученици<br>• Анкета за членови на УО<br>• Записници од одржаните состаноци на УО | Управување со училиштето | Структурата на управување во училиштето ја сочинува училишниот одбор (УО), конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето. Надлежностите, работата и одговорностите на УО се јасно дефинирани според Статутот на училиштето, Деловникот за работа на УО и годишната програма за работа на училиштето.<br>Состаноците и донесувањето на одлуките се одржуваат со присуство на мнозинството на членови.Членовите се известуваат по електронски пат и тоа најмалку два дена пред одржувањето на состаноците.УО им обезбедува редовни,детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно – образовниот процес.Тимот од УО има воспоставено  партнерски однос со директорот на училиштето, стручната служба, наставниците и други заинтересирани страни (родители, ученици и локална самоуправа). На состаноците на УО редовно присуствуваи претставник од ученичкиот парламент.<br>Училишниот Одбор брои 7 членови и тоа:<br>* тројца претставници од Наставнички совет на училиштето<br>* тројца претставници од Совет на родители<br>* еден претставник од Локалната самоуправа<br>Во Деловникот за работа на УО е пропишано задолжително присуство на најмалку по еден претставник од поединечните структури во УО ,освен во случаи на најавено отсуство или неименувани претставници од Основачот.<br>За начинот на работата и односот на УО говорат податоците од спроведената анкета со членовите на УО и родители.Во прилог е прикажан табеларен извештај и заклучок од спроведените анкети. |

| | | |
|---|---|---|
| • Докази за вклученост во регионални и меѓународни образовни мрежи (активности, дописи, апликации),<br>• Распоред и процедури за користење на просторот и наставните материјали во училиштето;<br>• Активности и програма за работа на училишната библиотека<br>• Пописна листа за библиотечен фонд<br>• Извештаи и записници од следени часови од директор | Раководење со училиштето | Директорот на училиштето е раководниот орган на училиштето.Тој ја следи организацијата и реализацијата на воспитно-образовната и другата стручно-педагошка работа во училиштето.Директорот го следи и оценува квалитетот на вработените како и нивниот придонес во тимската работа,ги промовира добрите пракси на наставниците и донесува одговорни одлуки.<br>Директорот на училиштето, Христина А.Борисовска, како раководен орган има стратешка определба заснована на јасна визија која ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени субјекти во животот на училиштето. Нејзината визија е заедно да создадеме модерно училиште со добра клима и одлични меѓучовечки односи, во кое и учениците и вработените со задоволство ќе учат и работат, а родителите ќе бидат активно вклучени и максимално ќе го поддржуваат воспитно образовниот процес, но и сите други вонннаставни и слободни активности во училиштето.<br>Раководниот орган знае како објективно да ги оцени квалитетите на вработените и нивниот придонес во тимската работа и како да ја истакне добрата пракса што постои во училиштето давајќи им обврски подеднакво на сите вработени во училиштето и прилагодувајќи ги според нивните афинитети и способности. Во училиштето постојано се формираат разни тимови со различна намена, во кои од секој се бара одговорност за својата индивидуална, но и тимска работа. Постигнатите индивидуални, но и групни достигнувања, ангажираноста, заинтересираноста, соработката и комуникацијата со учениците, наставниците, родителите и другите вработени, јасно говорат за способностите на еден човек. Директорот иницира и успешно раководи со промените во образовниот систем , сите нови законски промени кои наметнуваат тимска работа и има целосен увид во работата на училиштето при изработка на самоевалуацијата и наоѓање на вистинските цели за пореален и соодветен развоен план.Се грижи за веродостојноста на збирките на податоци кои се водат за родителите и учениците, советувањето на родителите, редовна посета на часовите, а паралелно со тоа менаџирање и афирмирање на училиштето, соработка со сите институции и следење на модерните животни текови.<br>Раководниот орган воспоставува продуктивни партнерство и создава позитивна клима за соработка во размена на идеи и разрешување на проблеми преку следење на состојбите и постојана соработка со стручните органи и тела во училиштето,локалната заедница, БРО,МОН,невладини организации, медиуми и сл. За таа цел постојано се свикуваат состаноци на сите нивоа, се водат индивидуални и групни разговори, се одржуваат предавања и по потреба се повикуваат и стручни лица од одредени области.<br>Податоците од спроведената анкета за наставниците, говорат дека во училиштето постои позитивна клима и добри меѓучовечки односи.Исто така родителите се задоволни од работата на директорот на училиштето.<br>Од анкетираните ученици,во голема мера е искажано позитивно мислење за организациската поставеност на училиштето, достапноста на учениците до директорот, |

| | | |
|---|---|---|
| | | неговото почитување на личноста на учениците и значењето за оддавање на признание од негова страна за успешно завршената работа на учениците.<br>Покрај органот за управување и раководниот орган, во училиштето работат и стручни органи и тела:Наставнички совет,Совет на предметни и одделенски наставници,Стручни активи како и раководители на паралелки.Проблемите најчесто се решаваат на Наставнички совет или со формирање на комисии кои треба да донесат соодветни одлуки поврзани со некој проблем во училиштето.Одлуките се донесуваат од мнозинството на присутни членови на состаноците и истите се евидентираат во записниците на Наставнички совет или Одделенските совети. Во рамките на училиштето се донесени и интерни правилници за работа на училиштето. |
| | Управување и раководење со ресурсите | Училиштето има јасен план и распоред за максимална искористеност на расположливите капацитети за изведување на наставата и на вонннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.<br>Училиштето располага со 18 простории на два ката и меѓу кат. За реализација на настава по ФЗО е направена сала со две соблекувални. Во училишниот двор имаме летна училна.На приземје се наоѓаат канцеларијата на директор,секретар и педагошко – психолошка служба,наставничка канцеларија и кујна,како и простран хол. На приземје имаме 8 училници, односно 6 училници одделенска настава, англиски јазик кабинет, македонски јазик кабинет и училишна кујна. На меѓу спрат имаме географија кабинет, историја кабинет, математика кабинет и хемија и биологија кабинет. На втор спрат 4 училни одделенска настава. Во подрум има кабинет по информатика, кабинет по математика и физика, кабинет француски и германски јазик и просторија за хаус мајсторот.<br>Благодарение на општина Карпош училиштето и фискултурната сала се целосно уредени и молерисани на крајот на 2024 и почетокот на 2025 година. Влезните врати на училиштето пред неколку години се заменети со PVC врати, а вратите во сите училници се заменети со нови (јануари 2025 година), а вратите во физкултурната сала се комплет поправени.<br>Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи книги, материјали за работа, аудиовизуелна и ИКТ опрема и истите ги набавува согласно своите можности и приоритети секоја учебна година. Училиштето е целосно опремено со смарт табли и интерактивни панели, а од оваа учебна година е целосно опремена и компјутерската училница со 24 нови компјутери.<br>Од јуни 2025 година опремени се целосно со училишен мебел две училници, ставено е ново електрично ѕвонче, опремена е и малата чајна кујна и во наставничката канцеларија се набавени шкафови за наставници, а во училниците неколку шкафови и фиокари за наставници. Она што е најважно од страна на општина Карпош се |

| | | |
|---|---|---|
| | | поставени фотоволтаици со кои ќе се намалат сметките за електрична енергија. Училиштето планира и навреме обезбедува потрошен материјал, но и наставниците помогнати од страна на родителите копираат и обезбедуваат хартија и друг наставен материјал за успешно спроведување на активностите на учениците.<br><br>Училишната библиотека располага со 6094 книги, вклучувајќи ги и лектирните изданија. Библиотеката е добро уредена и располага со компјутер кој има пристап до интернет.<br>Библиотеката е отворена за користење од учениците, наставниците и од локална средина во текот на училишниот ден.<br>Училишните дворови се пространи и хортикултурно уредени и функционира и систем капка по капка. Во училишниот двор се наоѓа и прекрасното фудбалско игралиште Сокол на кое реализираме повеќе наставни и вонаставни активности, на кое традиционално секој септември се одржува републички турнир во фудбал, кој од година во година станува се поатрактивен и попосетен |

| | | |
|---|---|---|
| | Раководење со кадарот | Директорот ја извршува раководната функција во Училиштето, во согласност со законските прописи и статутот на Училиштето. Директорот има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на Училиштето. Директорот е целосно насочен кон квалитетна организација и реализација на сите подрачја од воспитно-образовната работа на Училиштето.<br>Директорот објективно ги оценува квалитетите на вработените и нивниот придонес во тимска работа, преку редовно следење на работата, посета на часови, извештаи, анализи, анкети. Практикува и поттикнува секојдневна соработка и комуникација со вработените, се’ со цел наставниците редовно да се информирааат и полесно и постојано да комуницираат помеѓу себе и со директорот, преку електронска пошта, затворена група на социјална мрежа Facebook, преку Viber.<br>Секојдневно соработува со стручните соработници, родителите и учениците за надминување на проблеми и разрешување на конфликти во училиштето. Новините во образованието ги имплементира на ниво на училиште. Ја организира и следи работата на Училишен инклузивен тим и сите други тимови во училиштето, особено инсистира и поддржува ралкизирање на еколошки содржини и спроведување на училишни политики, во кои се афирмира инклузивноста на училиштето, а и активности со сите институции и локалната средина за што поголема афирмација на училиштето, но и се залага за подобрување на училишната клима и култура да бидат на уште повисоко ниво. Посебна поддршка и пофалба дава на натпреварите, ги подржува сите обуки и конференции за подобрување на квалитетот и модернизацијата во образованието. |

| | | |
|---|---|---|
| | Следење и унапредување на наставниот процес | Училиштето има обезбедено соодветен наставен кадар за реализирање на воспитно – образовниот процес. Наставниот кадар е во согласност со нормативите за реализитрање на наставни планови и програми. Наставниот кадар е квалитетен, компетентен и оспособен да ги преземе одговорностите во наставата и воннаставните активности согласно потребите на учениците и училиштето во целина. Стручните соработници во училиштето им помагаат на наставниците во организацијата и реализацијата на наставата, следењето на напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на учениците. Стручните соработници во својата програма за работа планираат и спроведуваат разновидни активности за работа со учениците и наставниците и се секогаш отворени за соработка. Стручните соработници со дозвола на директорот и директорот според направен распоред вршат редовни посети на часови и вршат нивно евидентирање, најмалку два часа во едно полугодие кои се поткрепени со разговор за истите. Во училиштето се ангажирани и образовни асистент кои работат со категоризирани ученици и се обезбедени од ОУРЦ „Златен Сремец“ од Скопје. Наставниците успешно работат како тим во рамки на стручните активи и придонесуваат за ефективно работење на училиштето. Реализираат и отворени часови за размена на искуства со своите колеги. За следење на наставниот час директорот или стручните соработници даваат повратна информација индивидуално на секој наставник и укажуваат на можности за идно подобрување. |

| Индикатор 4.2 Цели и креирање на училишната политика | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • Годишна програма за работа на училиштето<br>• Извештај од самоевалуација<br>• План за развој на училиштето<br>• Акциони планови<br>• Анкети/Интервјуа со директор,стручни соработници, наставници, родители, ученици  Записници од УО, Совет на родители, Наставнички совет ;<br>• Записник од состаноци на одд. заедници и ученичка организација<br>• Програма за работа и извештаи за работата на училишниот одбор;<br>• Деловник за работа на училишниот одбор<br>• План за професионален развој;<br>• Склучени договори, тендерска документација за јавни набавки  Записници од ревизија и УЈП Буџет и финансиски план на училиштето | Процедури за креирање на училишната политика | Училиштето има пропишани процедури за донесување на училишни политики и програми. Вработените, родителите и учениците учествуваат во креирањето на политиките, целите, начелата и вредностите на училиштето и се запознаени со начинот на нивно остварување и подобрување преку состаноците на Наставничкиот совет, Совет на одделенски наставници, Совет на предметни наставници, Совет на родители и родителски состаноци, стручни активи, преку соопштенија, информативни катчиња, огласна табла, веб страна на училиштето. Учениците преку ученичкиот парламент активно се вклучени во креирање и остварување на интересите на училиштето преку организирање и учество еколошки акции. Континуирано се подобруваат политиките во училиштето за намалување на насилството во училиштето, намалување на семејното насилство во соработка со Центар за социјални работи, недискриминација, еднаков пристап до квалитетно образование за сите, инклузивно образование, еколошко образование, меѓуетничка интеграција. Училиштето ги зема во предвид мислењата на родителите и на учениците при креирањето на политиките на училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| | Резултати од развојно планирање | Целите во развојната програма се јасни, конкретни и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. При нивното поставување се вклучени наставниците, стручната служба, родителите, учениците, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница. Училиштето редовно и навремено ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање. Информациите со засегнатите страни за резултатите кои треба да се постигнат од развојната програма се образложуваат на Наставничките совети и на Училишен одбор. Исто така релевантните страни со ваквите информации можат да се запознаат индивидуално преку Развојна програма на училиштето, Соопштенија за наставници, ученици и родители. Училиштето има акциски планови за постигнување на резултати од поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација на развојната програма, а планираните цели се реализираат доследно. |
| | Планирање и управување со училишниот буџет | Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и негово трошење и има донесено финансиски план во кој се регулирани процедурите за обезбедување и распределувањето на финансиските средства. И покрај тоа што изработениот и уредно доставен финансов план од страна на Училиштето содржи приоритети тесно поврзани со образовните цели за подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрувањата на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина истиот рестриктивно се одобрува од страна на основачот на училиштето. Одобрениот буџет се користи наменски, а во најголема мерка се користи за приоритети кои се поврзани со тековно одржување — комунални услуги, греење, комуникација, , хигиена, ситен инвертар и поправки. Училишниот одбор навремено го добива и разгледува извештајот за планираниот финансиски план и истиот го одобрува и доставува до основачот. Советот на општината по разгледување го одобрува доставениот финансиски план. Училишниот одбор редовно ги следи финансиските активности и финансиската состојба на училиштето при трошењето на буџетот. |

**Опис/резиме на подрачјето**

Раководната структура во училиштето се состои од работата на директорот, координирана со работата на Училишниот одбор (УО). Нивните одлуки се засновани според одредбите на Законот за основно образование и Статутот на училиштето. Со училиштето управува училишен одбор кој брои 7 члена и во него членуваат 3 (тројца) претставници од редот на наставниците, 3 (тројца) од редот на родителите и 1 (еден) претставник од Основачот, општина Карпош. Во врска со правичната застапеност на членовите на УО како орган на управување во однос на полова структура (мажи и жени), односот е 2 мажи и 5 жени. Претставници од ученички парламент се 2 ученици кои немаат право на глас. Во Советот на родители членуваат 18 родители .

Раководниот тим при разрешување на проблемите во училиштето, во принцип соработува меѓусебе, разменува идеи, дури и свикува вонредни седници за некои суштински прашања, повеќето по иницијатива на директорот во училиштето.

Училишниот одбор како орган на управување одржува состаноци по потреба, Претседателот на УО е обврзан да го поттикнува членството на редовност на состаноците со навремено информирање и лични контакти. На седниците секогаш се обезбедува кворум за работа. Состаноците на УО ги води претседателот на УО по претходно одреден дневен ред, притоа задолжително водејќи записник за работата на УО. УО е во постојан контакт со Наставничкиот совет и оттаму црпе некои од темите за своите состаноци. Вработените во училиштето секогаш се навремено информирани за одлуките и решенијата на истиот.

Седниците на Советот на родители ги свикува и со нив раководи претседателот на советот, во соработка со директорот на училиштето кој ги информира за сите состојби.

За сите одлуки и информации наставниците и учениците навремено се информираат, а информирањето на родителите се одвива преку Советот на родители .

Една од политиките во училиштето е водење грижа за здравјето на учениците и разрешување на конфликтни ситуации. Таа се спроведува на часовите по граѓанска култура, одделенските часови преку реализација на програмата -Образование за животни вештини и на хуманитарните предмети .Во однос на работата со ученици со посебни потреби, во училиштето постои посебна индивидуална програма за секој ученик со ПОП изработена од дефектолог, педагошка-психолошка служба со наставници од соодветен наставен предмет, преку индивидуален пристап ги вклопат во постојната редовна настава, според можностите на овие ученици. Во училиштето има 7 ученици по ПОП,дел од нив имаат образовни асистенти.

Наставен јазик во училиштето е македонскиот, а во училиштето се изучуваат и англискиот јазик како прв и француски јазик и германски , како втори странски јазици.

Годишната програма за работа на училиштето се изготвува за период од една година. Сите планирања за развој на училиштето согласно Законот за основно образование ќе бидат за период од 4 години. Реалноста на планирањето се потврдува со филтрите што ги поминува (Наставнички совет, УО, Совет на родители), но и покрај сé не секогаш се успева целосна реализација, пред се` поради финансиските можности, зависноста од други институции, зависноста од локалната самоуправа и сл.

Соработката со наставниот кадар и другите вработени е на завидно ниво. Покрај работните задолженија согласно соодветните работни места, за сите останати активностите во училиштето се формирани тимови и комисии.За работата на сите тимови и комисии има записници.. Ефектите

| |
|---|
| од работата се евидентни во сите сегменти од работата на училиштето.<br>Од податоците од реализираната анкетата со наставниот кадар може да се забележи дека скоро сите наставници сметаат дека во училиштето се информирани за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма на училиштето и динамиката за реализирање. Исто така сите анкетирани наставници сметаат дека учествуваат во интерни и екстерни обуки согласно со своите потреби. Со оваа констатација се сложуваат и анкетираните родители, кои сметаат дека се добредојдени во училиштето и дека им<br>се посветува доволно внимание. |
| **Силни страни**<br>-Добра координираност меѓу телата во училиштето (директор, УО, Наставнички совет);<br>-Добар систем на грижа за здравјето на учениците и разрешување на конфликтни ситуации; |
| **Слаби страни**<br>-Потреба од образовни асистенти во училиштето.<br>- Нема сензорна соба за учениците по ПОП. |
| **Приоритети**<br>- Вклучување на училиштето во проекти кои би обезбедиле материјална поддршка за реализирање на поставените цели. |